**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од 48-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 февруари 2009 година**

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,30 часот.

Седница ја отвори и со неа претседаваше г-динот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници, ја отворам 48-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Силвана Бонева, Соња Мираковска, Христина Рунчева, Фијат Цаноски, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Игор Ивановски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Ѓорѓи Оровчанец, Горан Минчев, Тито Петковски, Горан Мисовски, Сулејман Рушити и Јани Макрадули, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата известени и поканети се: претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 41-та, 43-та и 44-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали има некој забелешки на записниците?(нема)

Констатирам дека записниците од 41-та, 43-та и 44-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Пред да продолжиме понатаму, г-ѓа Иванова Цветанка бара процедурално, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе, бидејќи според договорот кој што како пратенички групи, заедно со вас го постигнавме на една од координациите кои што се одржуваат секој понеделник, оваа треба да ни биде наша последна седница пред претседателските и локалните избори, што ќе се случат во март. Тогаш се договоривме дека со цел да не се злоупотребува за кампања оваа собраниска говорница, практично со завршувањето на оваа седница и онаа седница што ќе се случи на 26 овој месец за одбележување на 5 годишнината од смртта на претседателот Борис Трајковски, ова Собрание и комисиите да не работаат.

Имам информација дека една од комисиите закажала веќе седница на 24 овој месец. Затоа ве прашувам како претседател на Собранието, дали важи договорот кој што го постигнавме на координација, или комисиите во периодот после 23, односно после 26 ќе продолжат да работат. Ова го поставувам како прашање, затоа што сакам да си го испочитувам до крај она што сме го договориле на координација и секако, за наше идно постапување од страна на претседателите на работните тела, кои што се од редовите на СДСМ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За информација на јавноста и на пратениците тука точно е дека се договоривме така како што кажавте дека ова ќе биде претпоследна седница, последната ќе биде седницата која што е закажана за 26, по повод трагичното загинување на претседателот на Република Македонија г-динот Борис Трајковски и сметам дека овие закони кои што ќе поминат на денешнава седница по повод првото читање, мора да се одржи второто читање пред комисиите и мислам дека тука не е спорно за тоа. Во однос на сите други активности кои што од одредени комисии се закажани, јас ќе разговарам и ќе гледаме тоа прашање да се разреши.

Во однос на овие закони кои што денеска по прво читање се поминати, согласно деловникот мора да се одржи и второ читање пред комисиите во рок од 7 дена. Тоа не е спорно. Во однос на други комисии, јас ќе разбоварам и мислам дека тоа прашање ќе го разгледаме.

Повторно бара процедурално г-ѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе, бидејќи според договорот ќе продолжат да работат оние комисии кои што треба да постапат по законите кои што сме ги утврдиле дека има потреба од донесување, јас сега имам едно дополнително прашање. Бидејќи еден поголем дел од актуелните пратеници се и кандидати за градоначалници, би сакала да се договориме од која позиција пратениците ќе настапуваат на работните тела. Дали во овој период тие можат преку комисиите како претседатели, како членови на работни тела да водат кампања, затоа што целта заради која се договоривме да не работиме од 23-ти натаму до вториот круг на изборите претседателски и локални е точно, да не се злоупотребува говорницата за кампања. Затоа, треба да размислиме дали членовите кои што се кандидати за градоначалници и претседателите на работните тела треба да работат, или треба да настапуваат, или воопшто дали комисиите треба да работат во овој период.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Ние мора во секој случај да го почитуваме Деловникот да се одржи второто читање во комисиите за работните тела, откога ќе биде усвоен законот со првото читање.

Инаку, можеме да укажеме пратениците кои што се кандидати за градоначалници да не учествуваат на тие комисии за да се задоволи и Деловникот и договорот кој што е и на нивно место да бидат замениците членови или претседатели, за да нема злоупотреба.

Мислам дека тој договор ќе го почитуваме и треба да го почитуваме. Ви благодарам на сите.

Продолжуваме понатаму.

Пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Марјанчо Николов,

Андреј Петров, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска предлагаат по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на предлагачот да ја образложи оправданоста, Предлогот на законот да се донесе по итна постапка.

Има збор пратеникот Весна Бендевска, повелте.

**Весна Бендевска:** Благодарам ретседателе, согласно одредбите од Деловникот кога е потребно донесувањето на закон да се донесува по итна постапка, тоа е токму моментот околу оваа измена на законската регулатива која ја предлагаме.

Значи, Деловникот предвидува кога може да настануваат крупни промени во стопанството и други вонредни ситуации, а за тоа деновиве сите сме сведоци дека е директно како резултат на воведуваето на проектот наречен бруто плата, промовиран од г-динот Славески, кој создаде огромна гужва и нервози, неможност да се исплатат во законскиот рок јануарските плати кај голем број вработени од Република Македонија.

Со оглед на тоа што Законот за трговски друштва предвидува пред Централниот регистар сите фирми да ги достават годишните сметки, предлагаме 15-дневно одлагање. Ревидирањето на овој рок е многу логичен, заради тоа што фирмите ќе се задоцнат со поднесувањето на годишните сметки, ќе подлежат навистина на драконски санкции кои изнесуваат од 3 до 5 илјади евра за неподнесување на годишната сметка во тој рок.

Затоа предлагам сите ние да се согласиме дека избрзаното воведување на концептот бруто плата предизвикува не само неможност на исплата на платите во редовен рок, туку и неможност сметководителите на фирите да ги поднесат и годишните сметки и финансиски извештаи, согласно законот.

Затоа предлагаме, измената се однесува на тој рок да биде пролонгиран до 15-ти март, за кој рок фирмите нема да подлежат на редовно предвидените санкции. Се надевам дека ова ќе биде прифатливо решение од сите пратеници во ова Собрание да ја намалиме не само нервозата, туку и хаосот што во овој момент се соочуваат граѓаните, особено сопствениците на фирми, кои се уште огромен број не ја добиле ниту платата, а камоли да размислуваат за поднесување на годишните сметки и финансиски извештаи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, за предлогот гласаа 14, воздржани нема, против гласаа 55 пратеници.

Констатирам дека предлогот на пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска не е усвоен.

Пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска предлагаат по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на предлагачот да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по итна постапка.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повлете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани министри, заменици министри.

Ова е втор пат пратеничката група на СДСМ да бара по итна постапка да се изврши изменување и дополнување на Законот за задолжително социјално осигурување со единствена цел да се даде еден дополнителен период од 2 месеци на одложена примена на овој закон, со цел да се отстранат сите неправилности кои се појавуваа од почетокот на примената на концептот бруто плата.

Значи, со нашиот предлог, бараме наместо од 01.01.2009 година, Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување да почне да важи и да се применува од 01.03.2009 година, односно да има два месеца грејс период во кој што ќе може Управа за јавни приходи, Министерството за финансии, фирмите работниците да ги отстранат сите нејаснотии и нелогичности кои што се појавија во почетокот на функционирањето на овој систем. Сведоци сме дека веќе измина и 15-ти февруари, односно крајниот рок во кој што сите оние кои што се задолжени да исплатат плата, дека треба да исплатат плата. Во текот на првите 10 дена од примената на концептот на бруто плата софтверот постојано паѓаше. Значи и да беа готови пресметките, голем дел од работодавците не можеа да ги обработат пресметките, затоа што Управата за јавни приходи не функционираше. Сега помина и 15-ти и сите оние кои што ги поднеле пресметките требаше да ја исплатат

платата, а ако не е исплатена платата ќе ги блокира државата нивните сметки со придонесите. Цениме дека со еден ваков ригиден став од страна на Владата, со една непослушност или не сфаќање на потребите на работодавците да се даде дополнителен грејс период во кој што ќе можат да се исправат овие недостатоци, а да не се изложат работодавците на казни, на блокирање на сметки и работниците да не мора да одат во Управата за јавни приходи да ги пријавуваат работодавачите ако не добиле плата, бидејќи во спротивно ќе бидат казнети со 500 до 1000 евра, а работодавачите од 2 до 3 илјади евра, добро е да се даде еден грејс период од 2 месеца во кој што ќе може сите овие неправилности да се исправат. Ова е во интерес на целата економија во Република Македонија. Владата може да се дозволи 2 месеца без да казнува и без да блокира сметки, концептот на бруто плата да го стави во функција на најдобар можен начин. Барам поддршка од вас да помине оваа измена и дополнување како точка на дневниот ред. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратеницитеСтанка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласа 62 пратеника, за предлогот гласаа 12 пратеници, воздржани нема, против 50 пратеници.

Констатирам дека предлгот на пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска не е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на Одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.

2. Предлог на национална стратегија за заштита и спасување.

3. Предлог на закон за ратификација на изменување на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со Одлука број 1/2008 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција.

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница - прво читање.

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правно наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд - прво читање.

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - прво читање.

7. Предлог на закон за дополнување на Законот за минерални суровини - прво читање.

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија - прво читање.

9. Предлог на закон за изменување и дополнувае на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје - прво читање.

10. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование - второ читање.

11. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство - второ читање.

12. Дополнет предлог на законт за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта - второ читање.

13. Предлог на закон за трасформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" - Скопје - прво читање.

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба - второ читање.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Ги повикувам пратениците ако имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени пратеници, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, за гласаа 56 пратеници, воздржани нема, против гласаа 8 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расрава по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80, ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието, пратениците да се пријавуваат за збор во рок од 1 минута, по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор во текот на претресот.

Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85, став 3 од Деловникот на Собранието, пратеник кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата, кога е повикан да говори, го губи правото за збор за претресот за кој се пријавил и не може да се пријави повторно за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието, пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути. Известителот на матичното работно тело на Законодавно правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот можат да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на Одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на Одлуката, извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на Одлуката да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се јавија министерот за одбрана и господинот Талат Џафери.

Има збор министерот за одбрана Зоран Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам.
Почитуван претседателе, почитувани членови на Собранието на Република Македонија.
Започнувајќи од месец март 2008 година за прв пат двајца припадници на Армијата на Република Македонија се упатија во мировната мисија во Авганистан како дел од Мешовитиот оперативно - менторски и тим за врски ОМЛТ кој дејствува во рамките на Првата бригада во Авганистан.
Нашите единици заедно се упатени со едниците на Германија, Кралството Шведска и Кралството Норвешка.
Во насока на продлабочување на соработката и придонесот на Република Македонија кон НАТО, Република Македонија ќе го продолжи учеството во НАТО предводената операција ИСАФ во Авганистан за работа во Оперативно менторските и тимовите за врски ОМЛТ.
Мисијата на втората ротација на припадниците на Армијата на Република Македонија во Мешовитиот ОМЛТ состав завршува во месец март 2009 година, а истите ќе бидат заменети со припадници на Армијата од третата ротација.
Согласно Предлог - одлуката за учество во Мировната операција ИСАФ во Авганистан се испраќаат двајца припадници на Армијата на Република Македонија еден офицер и еден подофицер.
Припадниците на Армијата на Република Македонија ќе бидат дел од оперативно менторски и тим за врски заедно со припадници на вооружените сили на Германија, Кралството Шведска и Кралството Норвешка.
Припадниците на Армијата на Република Македонија се испраќаат за период од 6 месеци сметано од март 2009 година.

Со продолжување на придонесот кон капацитетите на ИСАФ Република Македонија во континуитет се потврдува како кредибилен партнер способен да одговори на иднидите предизвици како иден член на Алијансата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Талат Џафери, повелете.

**Талат Џафери:** Ви благодарам господине претседател.

Причината за моето излагање по однос на Предлог одлуката за испраќање на припадници на оваа мировна операција ...

Мојата дискусија сакам да ја искористам да го потсетам Министерството за одбрана дека од претходните дискусии кои беа во декември или ноември минатата година во една дебата овде во Парламентот се поставија дилеми околу застапеноста и националниот состав на мировните мисии.

Во тие дебати кои беа во тоа време се зеде обрвска од Министерството за одбрана секоја предлог одлука за испраќање на офицери или единици надвор од земјата да се даде извештај за застапеноста или одсликување на националниот состав на составите кои претходно се наоѓаа на овие мисии. Ако последната мисија отиде во јануари 2009 година според таа обврска би требало на оваа Предлог одлука да има преглед на националниот состав на тој состав кој се наоѓа во мировна мисија.

Како што знаеме во Министерството за одбрана и во Армијата веќе почнаа да се подготвуваат за идната мисија која требА да патува во јуни и сите подготовки кои се прават треба да се води сметка и за застапеноста на припадниците на националностите кои имаат желба да бидат дел од овие мировни мисии. За да како Парламент имаме преглед и надзор на почитувањето на овој став на Парламентот од страна на Министерството за одбрана мислам дека би било потребно ова да се дополни ако не за овој состав, за оваа мировна мисија во идните предлог одлуки да се почитува и овој став на Парламентот кој се донесе на претходните расправи при крајот на 2008 година.

По однос на оваа Предлог на одлука сакам да нагласам дека ние како ДУИ ја подржуваме Одлуката и ќе гласаме за, но инсистираме претходните определби или заклучоци кои произлегуваат од Парламентот да се почитуваат до крај.Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Зоран Коњановски**: Би сакал да одговорам на пратеникот Џафери дека ние се договоривме и согласно тој договор направивме анализа во Министерството за одбрана и таа анализа како

информација беше проследена до Владата пред месец дена, беше разгледана на седница на Влада и испратена до Парламентот. Ние не можеме за секоја мисија да даваме известување колкава е процентуалната застапеност на етничките заедници, меѓутоа генерално еднаш годишно можеме да даваме такво известување до Парламентот за сите мисии, за сите единици во тековната година кои ќе бидат упатени колкаво е процентуалното учество на етничките заедници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Талат Џафери, повелете.

**Талат Џафери**: Благодарам господине претседател.

Репликата ќе ја искористам за да бидат појасен до крај. Обврските кои произлегуваат за информација на Парламентот е едно, но тоа што беше заклучок на сите дискусии или дилеми кои се поставија при дебатата во декември за предлог одлуките за испраќање на мировни мисии имавме заклучок и барање од пратениците на секоја одлука која следи да има прилог и информација за составот или за почитувањето на правичната застапеност во претходниот состав кој отпатувал во мировна мисија. Немаме друг начин како да го следиме почитувањето на оваа обврска која ја има Министерството за правична застапеност во мисијата не само при вработувањето и таму каде треба да се даде придонес во овие мисии се додека има расположение и барање да се почитува и таму.

Ова беше заклучок како последица на расправата која се одржа во декември 2008 година се заложи Министерството овој прилог да го приклучи на секоја предлог одлука, а шестмесечната или годишната обврска е друго прашање кое се регулира со други акти кои се како обврска на Министерството за одбрана кон Парламентот како институција. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на припадниците на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на Национална стратегија за заштита и спасување.**

Предлог Националната стратегија и Извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на националната стратегија да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави министерот за одбрана господинот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Почитувани пратеници,

Заради заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба секоја земја создава систем за заштита и спасување.

Системот треба да овозможи отстранување или намалување на опасностите, дејствување при појава на опасности од било кој вид и справување со предизвиканите последици врз населението и материјалните добра со што треба да се обезбеди нормално функционирање на општеството во целина.

За да може системот за заштита и спасување да функционира, развива и усовршува истиот треба да биде поставен на подолгорочни основи со јасна визија и посакувани цели согласно националните законски одредби усогласени со меѓународните прописи.

Целосното функционирање на ваквиот систем се уредува со Националната стратегија за заштита и спасување.

Од тие причини, а имајќи го во предвид Законот за заштита и спасување кој ја уредува материјата на заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природните непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба нагласена е потреба од донесување на Национална стратегија за заштита и спасување.

Заради важноста на проблематиката во членот 8 од истиот Закон нагласена е обврската на Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија донесе Национална стратегија за заштита и спасување со што ќе се истакне и подржи политичката волја создавање и воспоставување на единствен систем за заштита и спасување.

Остварувањето на ваквиот систем треба да се оствари преку планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување. Овие активности треба да се остварат преку мерките за заштита и спасување, образование, оспособување, обука, тренинг и вежби на сите структури вклучени во системот и оформување и опремување на силите за заштита и спасување.

Преку утврдување на стратешки среднорочни цели за заштита и спасување овие активности треба да се остварат преку увидот во состојбата во заштитата и спасувањето во Републиката, целта на стратегијата и остварување на стратешките среднорочни цели како и развој за наредните 5 години од 2009 до 2013 година нормално како и соодветни мерки за

спроведување на стратегијата на локално и национално ниво.

Истражувачко нормативни и развојни проекти како активности треба да се остварат преку истражување во областа на заштитата и спасувањето, уредување на нормативата и соодветни развојни проекти.

Организирање на дејства, активности и постапки за превентивен и оперативен карактер што ги спроведуваат органите на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговски друштва, јавните претпријатија, установите и службите и здруженијата на граѓани.

Овие активности треба да се остварат преку дефинирање на надлежностите на поедини органи на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија и служби, здруженија на граѓани по поедини мерки за заштита и спасување.

Република Македонија заштитата и спасувањето треба да го изгради како единствен систем кој ќе овозможи оптимална безбедност на заштитата и спасување од природни непогоди штитејќи ги трајните интереси кои произлегуваат од темелните вредности утврдени со Уставот на Република Македонија како и учество и давање помош и заштита и спасување во други земји.

Подржана од политичкиот и економскиот систем заштитата и спасувањето организирани на начин предложен со оваа стратегија ќе овозможи поцелсна заштита на луѓето и животната средина, ќе обезбеди посигурни услови за населението, намалување на последиците и заштеда на вредностите и интересите на државата како со сопствени сили така и во согласност со глобализацијата на светските интереси и потреби. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на Националната стратегија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за Предлогот на националната стратегија гласаа сите 63 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Националната стратегија за заштита и спасување**.**

**Минуваме на точката 3 - Предлог на закон за ратификација на изменувањата на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со одлуката број 1/2008 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција - второ и трето читање**

Извештаите на Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија во се доставени односно поделени.

Комисијата за надворешна политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Со оглед на тоа дека не е пријавен никој, продолжуваме понатаму.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 60 пратеници, нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 64 пратеници, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на изменувањата на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со одлуката број 1/2008 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за одбрана и безбедност, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија како и Извештајот на Комисијата за европски прашање, како заинтересирано работно тело ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратенците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се јавија заменикот министерот за внатрешни работи, госпоѓа Шекеринска Радмила и господин Сугаревски Горан.

Има збор заменик министерот за внатрешни, повелете.

**Џевад Бучи:** Благодарам претседателе.

Со Законот за надзор над државните граници, се уредува надзорот над државните граници, соработката помеѓу државните органи кои управуваат со граничното управување, како и надлежностите на полицијата во внатрешноста и меѓународната полициска соработка.

Со оглед на фактот што основна заложба на Република Македонија е изградба на систем на надзор на државна граница кој ќе биде компактибилен со стандардите на Шенгенскиот граничен поредок во кој се вградени највисоките демократски придобивки на европските земји, а кои се уредени со регулативата број 562 од 2006 година во законикот на заедницата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку граничните премини по однос на Шенгенскиот граничен кодекс усвоен од страна на Европскиот Парламент и Советот на Европа од 15,03.2006 година се наметна потребата од усогласување на Законот за надзор на државната граница со овие документи.

Со предметниот Закон се врши делумно усогласување на Законот за надзор над државната граница со регулативата 562 од 2006 година по однос на Законот за заедницата на правилата кој гоуредува начинот на движење на лица преку границите односно Шенгенскиот граничен кодекс, а дел од одредбите на предметната регулатива ќе бидат инкорпорирани во подзаконските акти, што произлегуваат од Законот за надзор на државната граница, а дел ќе бидат имплементирани во предметниот закон по влегување на Република Македонија во Европската унија.

Имајки предвид што стратешката определба на Република Македонија за постигнување на полноправно членство во Европската унија, во себе ја имплицира потребата од континуирана хармонизација односно усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди и правила, со цел хармонизирање на домашното законодавство со новопоставените меѓународни стандарди и правила во оваа област, предлагаме Собранието на Република Македонија да го донесе предложениот закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам господине претседател.

Најпрвин да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе ја подржи потребата од носење на закон за измени и дополнувања на Законот за надзор на државната граница, меѓутоа сакаме бидејќи е прва фаза да укажеме на некои проблеми кои што сметаме дека се дури и позначајни од самит еизмени на Законот.

Имено, постојат, навистина малку работи во Република Македонија околу кои постои целосен консензус. И, оваа е една од нив. Кога Владата на Република Македонија најави, вети, препорача, побара безвизен режим за македонските граѓани во 2009 година, опозицијата тој проект и таа целосно ја подржа. Значи, апсолутно нема дилеми, сакавме и баравме за македонските граѓани Шегенскиот ѕид да падне во 2009 година и оваа година тие да можат да патуваат и без визи. Сметавме и сметаме дека е тоа остварлива цел за која што треба да се направи се што може да се направи. Се сеќавам дека пред една година ако не и повеќе токму вашиот коелга заменик минситер за надворешни работи овдека во македонското Собрание најави дека во 2009 година, во текот на 2009 година македонските граѓани ќе може да патуваат без визи. Сакаме како опозиција да ја подржиме секоја акција на Владата која што ќе биде насочена кон оваа цел. Пред неколку месеци Владата даде уште една изјава, а тоа е нема да дозволиме ниту едно алиби за оваа цел. Нема да дозволиме да направиме никаква техничка политичка или било каква грешка која што ќе им даде алиби на некои од земјите членки да не гласаат за безвизен режим. Јас целосно сакам да ја пдоржам ваквата политика. Македонија мора и мораше секој ден да прави се Што е возможно за да обезбеди во 2009 година срамниот Шенгенски ѕид да падне за македонските граѓани, ако веќе не може и за другите. Значи, целосно го подржувам пристапот дека што е наше мора да го сработиме. Притоа, барам од Владата тоа што треба да се сработи, ако може да се сработи порано за да овозможиме одлуката на Европската унија да се случи во текот на 2009 година и во 2009 година да ги отвориме границите за македонските граѓани. Меѓутоа, морам да го искажам моето разочарување и од дебатата која што ја водевме на седницата на Комисијата за европски прашања, а за жал и за квалитетот на дебата која не се води во македонската јавност за некои од овие прашања. Разбирам дека пратениците се малку порелаксирани, сите ние имаме дипломатски пасоши кои што ни овозможуваат да го скокнеме тој ѕид. Македонските граѓани немаат дипломатски пасоши и затоа ова прашање им е многу важно. И секој закон, и секоја политика која ќе помогне визниот режим час поскоро да падне, ние како опозиција ја подржуваме. Меѓутоа, бараме од Владата за овие работи да не се импровизира и бараме од Владата за ова прашање да нема молк од надлежните институции. За жал, според она како течеше дебатата на Комисијата за европски прашања и имав прилика од Извештајот да видам како течела дискусијата и во другите комисии, ќе ми дозволите да го кажам моето лично мислење. Ако е овој односот на Владата кон политиката на добивање на безвизен режим, тогаш имам чувство дека Владата го минира процесот на либерализација на визниот режим за македонските граѓани. Го минира со тоа што не прави се што е неопходно за да обезбеди позитивна одлука во текот на 2009 година. Имено, ако добив на Комисијата за европски прашања молк за сите прашања, јас не можам а да не ги поставам овде. Заменик министерот за

внатрешни работи спомна дека со овој Предлог закон дополнително се приближува нашето законодавство до Шенгенскиот систем и Шенгенските правила. Заради тоа овој Предлог на закон ќе го подржиме. Меѓутоа, претставникот на Министерството за внатрешни работи, заменик министерот, не кажа ниту збор за исполнување на техничките услови лои се неопходни Европската унија да даде зелено светло. Денеска сакам дел од тие прашања да ги повторам. Дали е точно господине заменик министре дека сите гранични премини на Република Македонија кон соседните државни не се поврзани во единствената комуникациона мрежа. Дали е точно дека тој технички услов сеуште не сме го задоволиле и ако е така за колку дена, за колку недели или за колку месеци таа техничка обврска ќе биде завршена. Дали е точно господине заменик министре за внатрешни работи дека и примената на популарно наречениот закон за прислушкување е еден од техничките услови за безбвизен режим на македонските граѓани. Дали е точно дека Министерството за внатрешни работи мора да покаже дека прислушкувањето политички не се злоупотребува, туку дека се користи само како мерка во откривање на криминал и корупција. На кој начин планирате тоа да го нарпавите.

Трето прашање, дали е точно господине заменик министер за внатрешни работи дека носењето закон за антидискриминација е исто така е еден од техничките услови за добивање на безвизен режим за македонските граѓани. Јас сум загрижена, заради тоа што за овие прашања Владата молчи. Загрижена сум за текот на визната либерализација затоа што Владата не излезе ниту пред Собранието, ниту пред македонската јавност со јасен и прецизен список на услови кои треба да се задоволат. Ние имавме неколку дебати на оваа тема и никој од Владата не спомна дека овие работи се услов. Ние како пратеници всушност не сме свесни што се работа Владата и Собранието треба да заврши за да можат граѓаните да добијат безвизен режим.

Сметам дека со ова темпо, до колку е точно она што го имаме како информација од службите на Европската комисија дека граничните премини не се врзани во централниот систем, а Владата не кажува кога планира тоа да го направи, бидејќи Владата не кажува што ќе прави со другите технички услови, јас сум загрижена дека со ова темпо нема ни теоретски шанси во 2009 година македоснките граѓани да патуваат без визи во земјите членки на Европската унија. Сметам дека ова е крупен проблем и крупно прашање околу кое Владата нема право да молчи и да не чува во незнаење. Пред неколку дена еден, не е битно кој кандидат за некоја од функциите кои што се актуелни пред изборите ја спореди состојбата во Република Македонија со заглавен лифт. Нашиот лифт за преговори со Европската унија е заглавен меѓу другото и заради лошите услови во минатата година. Се плашам дека со нетранспарентност, со молчењето и со криењето од страна на надлежните институции полека но сигурно забавува и нашиот лифт за доаѓање до безвизен режим за секој македонски граѓанин. Сметам дека причините за ова забавување на лифтот лежат кај одговорните и би сакала да видам дека ја промениле политиката. Меѓутоа, се додека не добиеме јасни одговори на овие многу едноставни прашања, ќе се сомневаме во вистинската намера на Владата да обезбеди безвизен режим. Ние овој закон ќе го подржиме, како што подржавме се што беше неопходно за визна либерализација што поминуваше низ Собранието. Меѓутоа, сакам д аим упатам еден апел и до пратениците и до Владата. Безвизниот режим нема да го добиеме само со биометриски пасоши. Оти да беше така лесно во 2005 ќе го имавме, во 2006 ќе го имавме. Владата создаде еден нов ѕид, ѕид на молк што се однесува до условите за стигање до визна либерализација. Кога некој нешто молчи крие јавноста почнува да се сомнева. Сметам дека оваа Влада носи одговорност. Во 2009 година да обезбедиме македонскиот пасош да минува низ европските граници.

Ако овие три прашања повторно наидат на молк од страна на заменик минситерот за внатрешни работи, опозицијата ќе заклучи дека приоритетот за кој сите говориме безвизен режим не е приоритет на оваа Влада. Би сакала и навистина би ценела да ме демантирате. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Трајанов Павле, повелете.

**Трајанов Павле:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитуван заменик министер.

Потребата на вашите граѓани слободно да патуваат во сите држави членки на Европската унија е една од најважните работи што треба Република Македонија да го направи за да ги исполни тие услови. Меѓутоа, постојано се додаваат некои дополнителни услови. Јас колку што се сеќавам минатата година кога расправавме за ова прашање тогаш имаше пет основни или битни критериуми кои што треба нашата држава да ги исполни за да добиеме безвизен режим. Тоа беа изработка на пасоши со биометриски карактеристики и мислам дека тоа е завршена работа. Натаму, да се склучат договори за реадмисија со сите земји членки на Европската унија во целина и тоа колку што знам е завршено. Натаму, наместо армијата да ја обезбедува државната граница полицијата и тоа е завршено. Да имаме силна борба да се започне против корупцијата и криминалот, а за тоа веќе има позитивни оценки. Петта обврска е дека да имаме интерирано гранично управување, која што обврска не добивме потврда дали е до крај завршена и сите тие законкси активности се веќе завршени, покриени, но во праксата за која што зборуваше и госпоѓа Шекеринска дека не е до крај реализирана таа обврска и за тоа имавме потврда и од Министерството за внатрешни работи. Но, колку што имам информација дека таа обврска треба да се заврши до месец октомври оваа

година. Претходната година беше до месец октомври 2008 година, значи сега имаме пролонгирање, но мене ме загрижува што сега имаме дополнителни два нови критериуми. Тоа е околу Законот за пресретнување на комуникациите или за прислушување кој што Закон беше многу порано подготвен одошто кога ние како Парламент овде го усвоивме. За жал и во јавната расправа кога се носеа уставните промени и во расправата кога се носеше Законот за прислушување, тогаш мислењата предлозите на експертите, но и на некои од нас пратениците не беа прифаќани и сигурно дека тој Закон треба на еден или на друг начин да претрпи одредени промени, бидејки со ова законско решение прво е дозволена широка употреба на прислушување и второ со Законот, а соодветни измени имаше и во Законот за кривична постапка, значи информациите добиени од прислушување можат да се користат како доказ, дури и да се заснива таква одлука само врз основа на добивање на такви информации. И, се разбира, Законот за антидискирминација. Така што, мислам дека во целина треба да ги кажеме сите работи што се направени и кои се обврските како држава што треба да ги направиме со цел граѓаните слободно да патуваат во Западноевропските земји. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекериснка:** Еве зошто е лошо кога пратениците и македонската јавност немаат пристап до документите до кои мора да имаме пристап. И ние го актуелизираме прашањето заради тоа што со разочарување констатираме дека требаше да заминеме во Европски Парламент и да контактираме со европски пратеници за да добиеме документ кој бил првиот документ испратен до Владата околу тоа што се Македонија треба да заврши. И не е точно дека во тој стар прв документ стоело дека имало таму само 3,4 или 5 услови. Точно се прецизирани работите кои што се очекуваат од Република Македонија. Јас денес барам одговор. Зошто Владата на Република Македонија овие документи не ги направи јавни, да ги каже на пратениците што треба да се сработи. И разочарување дополнително е кога извештаите од Европската комисија велат, целосната интеграција на сите гранични премини во заедничката мрежа на податоци мора да биде приоритет. Ако некој ви вели мора да биде приоритет, не смеете да дозволите ова што го потврдува и самиот пратеник да ги одлагате роковите за цела година. Кој има одговорност заради тоа Што овој приоритет е одложен за вели 12 месеци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има заменикот минситер за внатрешни работи, повелете.

**Џевад Бучи:** Неслучајно во почетокот истакнав што овој закон регулира, кои се односите кои ги регулира, односно кој е предметот на регулирање на овој закон. И многу добро истакна дека се уредува надзорот на државна граница, потоа соработката на органите кои управуваат со границите и надлежностите на полицијата кон внатрешната и меѓународната полициска соработка. Сега, прашањата кои беа истакнати од почитуваната пратеничка не се дел на предмет на расправа на денешната седница. Затоа, не се впуштам на одговор на тие прашања. Само уште еднаш поконкретно ќе истакнам кои навистина се предмет на расправа на денешниот закон.

Согласно членот 2 на предметниот закон под надзор на државна граница во смисла на овој закон се сметаат работите што се однесуваат на обезбедување на државна граница и контрола на преминување на државната граница заради заштита на неповредливоста на држа вната граница, спречување и откривање на кривични дела и прекршоци и откривање и фаќање на нивни сторители, спречување и откривање на незаконското преминување на државна граница и илегална миграција, заштита на животот, здравјето на луѓето, личност, сигурност и имотот, животната средина и спречување и откривање на други опасности по јавен ред, правниот поредок и националнаста безбедност.

На почетокот јас не истакнав дека со овој закон навистина ние придонесовме за граѓаните на Република Македонија и за државјаните на трети земји.

Со овој закон се регулира начинот на движење на лицата при влез и излез на граничните премини.

Со овој закон ние им овозможуваме на граѓаните полесно преминување, како и доаѓање и преминување на границата на Република Македонија со што придонесуваме за зајакнување на безбедноста на граничните премини. Освен тие имаме и одредби кои превентивно дејствуваат против појавување на разни епидемии и инфективни болести. Со тоа придонесуваме за јавното здравство на граѓаните на Република Македонија.

Исто така со одредени одредби предвидуваме освен со патни исправи граѓаните односно државјаните на трети земји да можат и со други документи освен патна исправа да влегуваат во граничните премини на Република Македонија.

Јас не одговарам на други прашања кои не се предмет на расправа на денешната седница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор за контра реплика госпоѓа Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Господине заменик министер вашето молчење се кажа.

Да ве потсетам вие сте во Собранието да дискутирате за Закон за надзор на државна граница. И ако јас ве прашам дали надзорот кој што се врши на граничните премини е дел од

една центарална база и дали границата е сигурна или обезбедува без визен режим вие имате обврска да ми одговорите.

Тоа што не одговарате покажува дека нашиот песимизам и загриженост бил оправдан. Јас денеска сакам тоа да го кажам. Владата со еден ваков однос покажува дека всушност самата го минира безвизниот режим на македонскиот граѓанин со доцнење и пролонгирање на роковите. Ќе дојде 31 декември 2009 година јас ви гарантирам дека македонските граѓани сеуште ќе мораат да имаат визи за да излезат од државата. За тоа политичката и историска одговорност ќе ја понесете вие како Влада.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Горан Сугаревски.

**Горан Сугаревски:** Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници,

Би сакал да дадам еден краток коментар на Предлогот на законот за надзорот на државната граница.

Како што кажа и колешката Шекеринска на почеток пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи носењето на овој закон, меѓутоа би сакал накратко да кажам неколку работи, кои што читајќи го овој закон ги заблежив и од страна на заменик на министерот на почетокот беше даден еден осврт околу тоа која е основната заложба на овој закон. Тој кажа дека имаме делумно усогласување на македонското законодавство со тн., Шенгенски кодекс.

Како што беше споменато и претходно, велиме делумно усогласување бидејќи треба да се донесе други акти и прописи, временски не беше кажано во кој временски период тие акти, прописи ќе бидат донесени односно предложени од страна на Министерство за внатрешни работи.

Како што вели и самиот Предлог на закон односно изменување и дополнување на овој закон содржи одредени решенија кои што се однесуваат на допрецизирање на одделни изрази употребени во предметниот закон. Пред се тука мислев на граничната контрола, подрачјата на граничните премини, обезбедување на државната граница итн., итн., односно нивно усогласување со овој Шенгенски кодекс.

Исто така би сакал да кажам дека во подобрување на текстот на овој закон потребно е одредени употребени термини, кои не се соодветно преведени од англискиот јазик во европските документи, потребно е тоа да се направи во следната фаза односно кога ќе дојде целосното носење на овој закон.

Исто така, морам да потенцирам во делот за кој претходно се говореше тука, а тоа е во делот на визната либерализација, во делот на носењето на овој закон еден од основните закони кој што се бара за целосно укинување на визниот режим, беше поставено прашање кое што за жал заменик министерот за внатрешни работи не го одговори, околу граничните премини на Република Македонија кои што треба да бидат поврзани во едно интегрирано гранично управување, меѓутоа, за жал од страна на заменикот на министерот не беше одговорено.

Би сакал да прашам во делот на финансиските импликации не спомнавте ништо, па би сакал да поставам едно дополнително прашање на претходните прашања кои што ги постави госпоѓа Шекеринска.

Ме интересира заменик министер колку чини надзорот со современи термички средства односно со камери. Би сакал доколку сте во можност да ми одговорите на ова прашање. Значи, колку чини надзорот со современите термички средства односно камерите со кои што треба да се врши надзорот на државната граница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена лисата на пријавени за збор констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Соборанието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за одбрана и безбедност и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници.

За предложениот заклучок гласаа сите 60 пратеници, од гласањето не се воздржа никој и против не гласа никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 5. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правно наследство на Република Македонија на членството во меѓународниот монетарен фонд - прво читање.**

Предлогот на Законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повекувам предлагачот и пратениците кои саскаат да говорњат по општата расправа по Предлогот на законот дас се пријават за збор.

За збор се јави пратеникот Марјанчо Николов и заменик министерот за финансии.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе.

Согласно законот за правно наследство на Република Македонија на членство на ММФ од 1993 година предвидено е дека на територијата на Република Македонија важат одредбите на статутот на фондот со изменувањата и дополнувањата од 28.09.1069 година, 1.04.1978 година и 11.11.1992 година.

После повеќе од 15 години ММФ предложи измени на статутот на ММФ и тоа со цел подобрување на гласачките удели и учеството во квотите на одделни земји членки, меѓу кои е и Република Македонија, како и проширување на инвестиционото овластување на ММФ.

Поради тоа на 23 април 2008 година и на 2 мај 2008 година гувернерот во Одборот на гувернери на ММФ за нашата земја гласаше позитивно по однос на резолуцијата 63-2, која што се однесува на реформите на квотата и начинот на определување на гласовите на земјите членки на Фондот и резолуцијата 63-3 која се однесува на амандманот за проширување на инвестиционите овластувања на ММФ.

Последователно на тоа, на 28 април 2008 година Фондот на гувернери ја усвои резолуцијата број 63-2, додека на 5 мај 2008 година ја усвои втората резолуција 63-3 со што официјално заврши првата фаза од постапката за измена на статутот на ММФ и започна реализацијата на втората фаза односно предложените амандмани потребно е да бидат прифатени од 3/5 од членовите кои имаат 85% од вкупното гласачко тело. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, заменик министер.

Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон, меѓутоа би сакал оваа прилика да ја искористам и да го запрашам заменикот минситер за финансии за политиката на Владата во однос на ММФ.

Сведоци сме дека Владата јавно кажа дека Република Македонија нема потреба од нов аранжман со ММФ и на неколку пати се оглуши односно не сакаше да ги прифати укажувањата од претставниците на ММФ кога велеа дека Република Македонија многу троши пари посебно не капитални расходи, тековни расходи и на два пати укажаа дека е добро Република Македонија да престане со таквото трошење, да ги насочи парите или кон капитални инвестиции или дел од тие пари да ги стави во резервите.

Тогаш Влдата велеше дека тој концепт не го прифаќа и дека Република Македонија нема да се соочи со никакви проблеми, а сведоци сме денес наназад почнувајќи од месец октомври Република Македонија има проблеми во одржувањето на стабилноста на макроекономската политика.

Да биде појасно, значи ММФ е инситуција која што се грижи за макроекономската стабилност на државата додека Светската банка е институција која што се грижи за проектирање на развој преку долгорочни кредити.

Значи, ако нешто беше успешно во Република Македонија во изминатите 10-12 години, тоа е постигнатата макроекономска стабилност. Значи, имавме стабилен курс на денарот, стабилна инфлација, меѓутоа сведоци сме дека последниве месеци тоа се нарушува. Значи, почнувајќи од последниот квартал на 2008 година ние имаме голем дефицит во трговскиот биланс.

Имаме на тековната сметка според последните податоци 840 милиони евра непокриени средства. Сведоци сме дека пишува дека Народната банка има голем проблем да ја одржи стабилноста на курсот и дека продава дел од девизните резерви на Република Македонија. Значи, тоа се прашања кои што може да ја доведат во прашања макроекономската стабилност.

Од друга страна нашата Влада се реши да проектира најголем буџет. Притоа, го засноваше на неколку параметри. 5,5% раст на бруто домашниот производ и тој сеуште го нема официјално ревидирано, само преку изјави на одредени министри велеа дека можеби ќе биде помалку, ама не кажаа точно, некаде околу 3% кажуваа дека ќе биде можеби растот на бруто домашниот производ, што е голема разлика од 2,5%.

Се поставува прашањето дали Буџетот кој што е проектиран во однос на 5,5% раст на бруто домашниот производ ќе може да одговори на сите обврски. Знаеме дека Владата оваа година проектираше 500 милиони евра капитални инвестиции од кои што дел ќе ги реализира со кредити, но дел се буџетски средства. Знаеме дека најголем дел од Буџетот се троши за плати.

Сега, јас би го запрашал заменикот министер за финансии, дали оваа година Владата на Република Македонија ќе успее да ги одржи макроекономските категории на планираното ниво, дали Владата ќе успее да го задржи стабилен курсот на денарот и на кој начин. Како планира Министерството за финансии да се справи со огромниот дефицит кој што според информациите се случи на почетокот на оваа година бидејќи се намалува извозот, од друга страна увозот може да биде намален, но сигурно во помала динамика, но во помала динамика од извозот повторно се создава дефицит и сето тоа создава несигурност во однос на планирањето на движењето на екоомијата и кај стопанствениците, меѓутоа, создава несигурност и кај граѓаните.

Сведоци сме дека Народната банка на Република Македонија мораше да ја ограничи можноста за давање повеќе кредити и на населението и на банките, не за друго, туку за тоа што во најголем дел Владата не сакаше во својата буџетска политика да попушти во однос на непродуктивните расходи и си продолжи со вработувањата, зголемувањето на државната администрација, правењето проекти кои што не се во интерес.

Од друга страна главно прашање е и за градежниците во Република Македонија дали Владата ќе успее да ги одржи капиталните инвестиции. Планирани беа околу 500 милиони евра капитални инвестиции на неколку проекти. Ние велевме дека досегашната пракса покажува Владата наназад не успеа да ги реализира капиталните инвестиции. Значи, во 2007 година имавме некаде околу 40%, 2008 година имавме околу 50% реализација на капиталните инвестиции, а гледаме дека градежниците очекуваат оваа година да биде 100%, па и другите претпријатија бидејќи со градежништвото се поврзани многу други дејности кои што го помагаат или го снабдуваат со материјали. Значи, главното прашање ни е господине заменик министер каква ќе биде вашата политика во однос на макроекономската стабилност? На кој начин ќе се справите со дефицитот. . .

(во салата пратениците не се дослушуваат)

**Трајко Вељаноски:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, не да седат на местата каде што седи Владата. Тоа го договоривме на координација и да важи за сите пратеници, инаку ќе ја прекинам седницата.

Ве молам продолжете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи, дали вие како Влада, со оглед на последните економски движења, економската криза која што ја зафаќа и Европа и светот, а се повеќе и Република Македонија ќе немате потреба од аранжман со ММФ? Сведоци сме дека за да се подготви еден таков аражман потребен е извесен период и би сакал да слушнам дали Владата сама ќе успее да ја одржи макроекономската стабилност или ќе има потреба од дополнителен аранжман со овој меѓународен фонд.

Исто така би ве запрашал, бидејќи ќе немаме можност, во декември месец имаше укажување дека сте потрошиле 200 милиони повеќе буџетски средства отколку што било планирано. За што ги потрошивте овие пари бидејќи ние како Собрание не сме ги добиле овие информации како се трошени парите, кога ќе дојде завршната сметка ќе ги видиме, меѓутоа, ве замолувам да одговорите на овие прашања. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Соборанието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за право наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за финансирање и буџет Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници.

За предложениот заклучок гласаа 61 пратеник, од гласањето не се воздржа никој и против гласаше еден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, прво читање**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како работно матично тело и Законодавно-правна комисија ви е доставен односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија госпоѓа Шекеринска Радмила, министерот за труд и социјална политика господиниот Китановски Илија, госпоѓата Грковска Лошкова Славица, госпоѓата Иванова Цветанка, господинот Николов Марјанчо, госпоѓата Бендевска Весна и госпоѓата Анастасова Станка.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми на кратко да ги образложам причините за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Во консултација со Народна банка на Република Македонија беше оценето дека постојат услови банките во Република Македонија да започнат да ја вршат улогата на чувар на имот на задолжителните пензиски фондови. Со појавата на инвестициските фондови и подготовката за третиот столб на пензиските фондови деловните банки во пракса вршат или се подготвуваат за вршење на улога на чувар на имот.

Вообичаено, улогата чувар на имот ја вршат деловните банки што е системско решение во овој закон. Народната банка на Република Македонија ја имаше оваа улога само како преодно решение до развој на капацитетите на деловните банки.

Со оваа измена се предлага во рок од 6 месеци друштвото или друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, што имаат добиено одобрение за управување за задолжителниот пензиски фонд. во рок од 6

месеци во стапување на сила на овој закон да изберат нов чувар на имот, а потоа, во рок од 30 дена функцијата да се пренесе на избраната деловна банка.

Исто така, со овие измени се предлага односно се овозможува поголема диверзификација на стредствата на задолжените пензиски фондови при нивното инвестирање во странство како и инвестирање на поголем обен на средствата на пензиските фондови во странство.

Имено, со оглед на тоа што средствата на задолжителните пензиски фондови се во постоја раст, нивното зголемување треба да биде проследено со можност за излез на поголем пазар на капитал.

Покрај тоа, дел од измените се предлагаат од причина што имплементацијата на системот наметна потреба од прецизирање, изменување и дополнување на некои одредби од законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и нивно усогласување со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување со што ќе се овозможи успешна оперативност на капитално финансирано пензиско осигурување.

Имајќи ги предвид горе изложените причини за донесување на овој закон, сметаме дека има потреба од негово донесување за да се постигне поефикасно и усогласено функционирање на капитално финансирано пензиско осигурување и заштита на интересите на неговите членови. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Би сакала да ја искористам оваа шанса и на пленарна седница да го кажам ставот на пратеничката група на СДСМ за законот.

Сметаме дека се работи за објективно очекуван закон, како дел од реформите на системот за пензиско осигурување, значи закон што во поинакви околности би ја добил нашата подршка. Меѓутоа, дека тој закон се носи во ужасно неповолен тајминг. И заради тоа сметаме дека Владата треба да го ревидира својот став и треба практично да го одложи носењето на овој закон, барем во неколку одредби што сметаме дека сме спорни.

Имено, имам чуство дека во Владата имаме две групи на министри, една група на министри која, дури и кога врне, смета дека светската криза е виновна за лошата метеоролошка состојба и друга група на министри кои очигледно се уште не сфаќа дека Македонија се наоѓа во исклучително тешка економска и финансиска атмосфера. Таа криза која ја зафаќа полека но сигурно Македонија не е резултат само на светската финансиска криза како што би сакале да не убедат. Се надевам, господине претседателе, дека како што ги дисциплинирате пратениците дека со ист однос ќе се однесувате и вие, ќе ги сослушувате говорниците. Благодарам на вниманието.

Значи она што се случува во моментот во Македонија за што малку подолго дискутираше и колегата Марјанчо Николов, е комбинација на влијаниа на светската криза, која фала Богу, Владата призна дека пристигна и во Македонија и на погрешната економска политика во последниве две години.

Еве ќе ви покажам едно од новите истражување и анализи на светски познати институции кои што, анализирајќи ги економските политики на владите во регионот велат вака, политичкото раководство на Србија во моментот е многу посветено на реформите и на пазарниот систем на градење на капиталистички систем.

Во Македонија, до некоја мерка, гледаме Влада која има интезивна и широка вмешаност во економската активност. Тоа отвора можност за корупција, не дозволува добивка од продуктивноста, спречува ефикасност на системот и ги држи луѓето назад.

Значи, приказната дека се што е добро е на Владата, а се што е лоше е на економската светска криза, падна во вода. Она што во моментот ја удира македонската економија и македонскиот бизнис е благиот талас на светсата криза кој сеуште не е во цел замав и резултати од две години прекумерно трошење за непотребни работи.

Зашто сметаме дека со носење на ваков закон овие тенденции уште повеќе ќе се засилат. Е па, прочитајте го ве молам, колеги пратеници неколкумина што сепак останавте во салава, што е целта една од целите на законот.

Вели вака, со овие измени се овозможува поголема диферсификација на средствата на задолжителните пензиски фондови при нивно инвестирање во странство, како и, сега внимавајте, инвестирање на поголем обем на средства на пензиските фондови во странство.

За што станува збор. Пензиските фондови, не говориме за оние другите, зборуваме за пензиските фондови што секој од нас мора да даде еден дел од своите средства. Значи задолжителни средства што се собираат од секој македонски граѓанин кој работи. Тие задолжителни средства се наоѓаат во соодветните друштва. Сега, со нив ќе раководат деловните банки и, ако до сега само мал процент се пласираше на пазарите во странство, на пазарите на хартии од вредност, сега веќе тој процент се зголемува за цели 50% и веќе 30% од нашите вкупни пари, ставени за деновите после нашиот работен век, ќе се пласираат на тие странски капитали, на тие странски пазари.

Велам, во нормални околности ова ќе беше одлично. секој од нас, секој граѓанин на Република Македонија има две маки што го мачат. Една е како да обезбеди работа денес и втората, како да обезбеди сигурна пензија кога ќе му дојде времето кога нема да може веќе да

работи. Овие две работи во секоја држава се свети нешта, господа пратеници и господине министре.

Значи, не може државата да дозволува коцка со парите на граѓаните кои ги двојат од сите приходи денес за утре да имаат пензија.

Еве, прочитајте што кажа директорото на МАПАС. Личност избрана со поддршка на парламентарното мнозинство, односно Владата вчера. Вели вака: поради конзервативната инвестициска политика, поради фактот дека не се пласирале овие пари на странските пазари што најмногу беа удрени од оваа финансиска и економска светска криза. Влијанието на финансиската криза во светот не ги погоди нашите пензиски фондови.

Да резимирам што се случуваше до сега. Нашите деловни банки не пласираат значајни средства во овие странски пазари и заради тоа нашите пензии останаа зачувани. Не сме знаеле, ама еве сме имале по малку и среќа.

Е сега, во ситуација кога целиот свет вели дека кризата е тука и дека кризата нема да исчезне преку ноќ, кога најголемиот дел од играчи на берзата не можат да ви кажат ниту една фирма што сигурно ќе се спаси од кризата и би била, на пример, на одлично место за да пласирате пари, е во ваков момент Владата на Република Македонија вели ајде пласирајте пари таму на странските пазари на хартии од вредност.

Сметам дека е ова неодговорно од страна на Влада во вакви тешки моменти за државата. Прво и основно заради тоа што во вакви моменти, кога пазарот е несигурен, можно е пензиите на нашите граѓани, идните пензии да ги загрозиме.

Погледнтете што се случи со пензиските фондови во САД? Преку ноќ луѓе останаа без своите крваво заработени пензии. Ние, со ова праќаме порака на деловните банки, тие пари да се пласираат повторно таму.

Меѓутоа, има и една друга скриена работа што претставува, можеби уште поголема опасност. Еве, да претпоставиме дека нашите деловни банки ќе носат деловни одлуки што се паметни. Јас мислам дека секој од нив сака тоа да го направи. Никој не си игра со парите што сме ги оставиле во банките. Проблемот е следен, со тоа што ќе им овозможиме на деловните банки средствата во поголем обем да ги пласираат и на странските пазари, ние всушност ги оставаме на суво македонските бизниси, македонските претпријатија и македонските граѓани кои секој ден можат се потешко и потешко да стигнат до кредити. Било да е тоа кредит за лична потрошувачка или да е тоа кредит за финансирање на сопствениот бизнис.

Зарем Владата не следи кои се пораките што доаѓаат од бизнис заедницата? Бизнис заедницата вели, дека веќе измина времето кога тие мислеа дека кризата ќе биде лесна. Кредити нема. Од ден на ден ги има се помалку, а да не зборувам за тоа дека се поскапи. И сега, замислете што ќе се случи кога ние дополнително и тоа дури стои во образложението во законот, ние велиме за да им ја подобриме состојбата во поглед на диверсификација на ризик, со што не се согласувам дека е точно во моментот, ајде инвестирајте повеќе во странство.

Во овој момент, голем дел на држави од Европската унија и САД направија цели пакети за подршка на своите стопанства. Германсаката влада дели буквално ваучери во износ од 2,5 илјади евра за секој германски граѓанин кој ќе се одлучи да купи нов автомобил, а ќе го врати стариот ако не се лажам постар од 9 години. Се со цел да се помогне не на друго, него на својата индустрија за авотмобили.

Во Македонија, за помош од овој тип на нашето производство, речиси и да не станува збор. Меѓутоа, еве и тоа на страна. Дополнително им го земаме и она што им е неопходно на македонските компании, а тоа е полесен пристап до капитал. Чукнете на врата на било која од македонските банки. Ќе видите не само дека каматните стапки се повисоки, што веќе е тренд што траеше и пред кризата и е резулата на лошите политики на оваа Влада, туку ќе видите дека едноставно, прввиот одговор што ќе го добиете е не. Не можеме дополнително да влегуваме во кредитирање.

Јас очекувам одговор од Владата, ако немаме извори за финансирање на бизнисот, како ќе ја зачуваме македонската економија? Како ќе ги зачуваме работните места што од ден на ден за затвараат.

Мислам дека секоја одговорна Влада во овој момент би требало да мисли како да им помогне, особено на фирмите што работат во Македонија, да го сочуваат бизнисот и да си обезбедат капитал за инвестиции, наместо да ги убедува деловните банки тоа да го прават во странство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

За да не се создаде забуна во јавноста, должам едно појаснување. Очигледно забуната, ова што се кажа не било намерно така кажано, меѓутоа да појаснам. Членови на задолжителниот пензиски фонд, односно така наречен втор пензиски фонд не се сите граѓани на Република Македонија кои се вработени. Туку се граѓани кои се вработени во 2000-та година или по бројка, ако сакате поточно, некаде 195.000 вработени лица.

Цело време зборувате средствата, деловните банки ќе ги инвестираат. Деловните банки не ги инвестираат овие средства собрани по овој основ. Туку самите пензиски фондови им се дава законска можност да инвестираат и тоа во висина до 30%, значи максимумот е 30%.

Занчи нема врска тука дека деловните банки во иднина ќе инвестираат, едно друго. Деловните банки ја имаат улогата на чувар на имот која што досега ја имаше Народната банка на Република

Македонија. И самите знаете дека ова беше преодно решение. Системско решени, улогата чувар на имот на пензиските фондови да преминува во деловните банки. Кажав тоа, дека досега законска можност за инвестирање на пензиските фондови била до 20%. Меѓутоа кажав на Комисија и тука ќе повторам, иако има можност до 20% за странски инвестиции досега навистина мал број беше искористено односно само 2%. Да кажам и тоа дека за разлика од нас, во земјите од Европската унија, законската можност за инвестирање од пензиските фондови изнесува 100%. Исто така овие измени се по препорака на консултанти од Светска банка, како и по препорака од Извештајот на Комисијата за напредокот на Република Македонија за 2008 година. Препораката од страна на експертот, консултантот од Светска банка беше дадена буквално при крај на 2008 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Прво министре, секој советник на Светска банка, на ММФ и Европската комисија и порачува на истава оваа Влада, трошите помалку. Секој ден ви порачуваат истото и вие пет пари не давате за таа препорака. А сега, кога немате аргументи, единствениот аргумент што го вадите е дека тие ова го препорачале. Тие го препорачале, но ние имаме одговорност да се грижиме за македонските граѓани и за македонските фирми. Затоа не гласаат консултанти туку гласаат пратеници, а предлагаат министри.

Господине минстре благодарам за корекцијата, јас не треба да бидам загрижена за пензиите на сите граѓани кои работат, треба да бидам загрижена за пензиите на оние 200 илјади граѓани кои учествуваат во овој пензиски столб. Ќе се сложите дека 200 илјади граѓани и нивните пензии, а тоа се сите оние луѓе од моја генерација и помлади од мене кои денеска наместо да инвестираат во решавање на станбено прашање, своето семејство велат ќе штедам за полоши денови, се согласивам дека се доволна голема група за нашат загриженост. Вие таа загрижност очигледно ја немате.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Китановски Илија, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги,

Искажувајќи го мојот став и моето размислување по овој закон ќе го искажам истовремено и ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на овој закон.

Законот што е пред нас, измените на Законот се доста обемни и сеопфатни и не се сведуваат само на едно или две прашања кои што беа претходно споменати и на кои што нормално секој од нас како пратеник и опозицијата и позицијата има право да изгради став и мислење и да го каже јавно со намера евентуално да укаже на негативни или позитивни последици од тој став.

Сметам дека Законот е доста обемен и сеопфатен и не може да се сведе само на една, или две промени кои што најмногу беа дискутирани и на Комисијата за труд и социјална политика, веројатно и на Законодавно правната комисија, па и овде денес на пленарната седница. И она што од читањето и анализата можам да го сублимирам е дека Законот се обидува да ги подобри и да ги регулира состојбите во областа што ја третира во три сегменти. Првиот е значи и првата негова поента е да го препушти чувањето на средствата што ги имаат пензиските фондови од Народната банка во деловните банки, како што кажа и министерот во неговото образложение е и системско решение во постојниот закон. Значи, тоа е системско решение и нема потреба да се менува. Едноставно само се оди чекор напред и преодното решение каде што Народна банка е чувар на средствата, сега им се дава на деловните банки, со тоа што повторно се дава еден преоден период, или рок од 6 месеци во кој што банките кои што во овој период се екипираа и се подготвија за таа нова обврска ќе имаат и еден припремен дополнителен период за да успешно ги завршат тие обврски. Мислам дека тука немаме никакви дилеми.

Исто така, она што најмногу предизвика внимание и дискусии е втората поента, или вториот сегмент кој што го третира Законот во измена на повеќе членови, а тоа е можноста, зголемувaето на можноста на рамката што Законот ја дава, значи во досегашното решение Законот дава можност 20% од средствата на пензиските фондови да се пласираат во странство во разни инструменти, дали се тоа обврзници, дали се тоа удели, акции, благајнички записи итн., што за жал досега заради ситуацијата во која што е и банкарскиот систем во Република Македонија кој за разлика од Западно европскиот е помалку развиен и доста е ригиден, а и заради тоа што пензиските фонодови се реалативна новина во Република Македонија. Значи, заради овие причини, веројатно и заради други причини тој лимит воопшто не е искористен, значи тој лимит е даден, дозволен со законот и досегашните средства кои што се пласирани во странство изнесуваат околу 2%, нешто над 2%. Така што сите тези кои што тврдат дека со зголемување на лимитот од 20% на 30% од рамката од 20 на 30%, дека ќе има практични последици, не држат вода воопшто, затоа што и да не се зголеми тој лимит, тие рамки, не можеме со зголемување на рамката да ги натераме деловните субјекти да вложуваат во странство, или да не вложуваат. На овој начин законодавецот Министерството за труд и социјална политика само им овозможува да се чувствуваат нашите пензиски фондови порамноправни со останатите такви слични фондови во другите европски земји затоа што во најголем дел од нив таа забрана ја нема, или тој лимит го нема, значи некаде до 100% им е дозволено дали тие средства ќе ги пласираат во домашни инструменти, економски инструменти, или во странски. Што значи дека апсолутно и да

се зголеми тој лимит не од 20 на 30%, туку од 20 на 80% во наредните 2 до 3 години веројатно тој процент од 2% може да се зголеми од 7, 8, 10 и тоа би било релативно добар резултат, или добар успех на тие фондови заради она од што стравуваат колегите од опозицијата заради светската економска и финансиска криза, дека за жал, институциите кои што влеваа сигурност во западните земји, во европските земји и во САД, повеќе не влеваат таква сигурност. Сигурно и тоа зголемувањето на овој лимит воопшто, значи уште еден факт дека практично не може да влијае, ниту можеме да се држиме до тезата дека тоа ќе ја намали понудата на кредити, на свежи пари на домашниот пазар. Апсолутно не. Бидејќи се прават сеопфатни измени во законот се предлага и оваа измена зголемувањето на лиитот да биде од 20 на 30%. Практично никаква негативна последица не може да има со ова и тоа го знаат сите оние кои што се занимаваат на било кој начин со оваа проблематика. Тоа се средства на граѓаните, тоа сите го знаеме и знаеме исто така дека 80% од тие влогови без разлика каде и како се пласирани, државата ги гарантира. Така што не можеме на тоа да се возиме дека сега бидејќи се средства на граѓаните треба со нив внимателно да ракуваат фондовите и тие ќе ракуваат внимателно. Законот им дал ограничување исто така на граѓаните па им дал гаранција за нивните средства. Значи, воопшто фондовите со ова решение, со измена, или со неизмена, или со зголемување, или со намалување на тој лимит нема да влијаеме апсолутно на однесувањето на пензиските фондови, затоа што тие се правни лица во економскиот промет и во финансискиот промет и се однесуваат спрема пазарните законитости.

Третата работа што најмалку е спомната, или третиот сегмент, а што исто така е многу важен и поврзан со втората е дека се зголемуваат овластувањата, можностите и инструментите кои што и се даваат на Агенцијата за супервизија на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување со кое што се овозможува нејзина поголема контрола врз алоцирањето на овие средства, не во смисла на тоа каде тие ќе ги лоцираат тие средства, во кои компании, дали во странство, дали во странски банки, дали во домашни банки. Но, без разлика дали се работи за странски, или домашни банки Агенцијата со предлогот, на пример во членот 17 и се дава можност на Агенцијата да го пропише највисокиот износ на вложувања во инструменти од иста економска група регистрирана во Република Македонија, во земјите на Европската унија, или во земјите членки на ОЕЦД. Значи, покрај пропишувањето на највисоките износи на вложувања во една компанија, или во еден инструмент. Тоа се сериозни ограничувачки инструменти кои што Агенцијата ги добива со измените на овој закон за да колку што е можно повеќе биде намален ризикот од евентуални лоши трансакциски зделки на носителите на деловните активности во пензиските фондови. Значи, тоа е третата поента која што содржи серија на измени на неколку членови на овој закон со кои што државата со закон преку Агенцијата за супервизија максимално го контролира однесувањето на овие субјекти на пазарот, го контролира во смисла да ги ограничува нивните вложувања во еден инструмент економски, дали е тоа акција, дали е тоа благајнички запис, дали се тоа удели итн. Исто така, ги ограничува и во вложување во една иста компанија. Значи, се зголемува нејзината важност и уште повеќе се намалува ризикот од евентуални лоши трансакции со овие средства. Се на се, мислам дека најмалку се обрна внимание на тие измени, а тие се најбројни. Законот и во оваа ситуација и во овој економски актуелен момент е сосема прифатлив.

Затоа пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе го поддржи законот.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има г-ѓа Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Имам само 4 коментари во врска со ова што беше кажано. Јас се согласувам со пратеникот дека ако досега пензиските фондови пласирале само 2%, најверојатно надвор во странство, најверојатно тоа драматично нема да го променат. Ама тогаш си го поставувам прашањето, зошто ни е овој амандман, овој член од законот? Тогаш значи, законот во овој дел го менуваме само заради шминка. Затоа што досега лимитот бил 20%, тие користеле само 2%. И сега ние наместо да се запрашаме дали може на некој друг начин да им помогнеме да имаат диверсификација на ризикот, ние велиме сега за 50% ќе го зголемиме тоа и лимитот ќе биде 30%. Ако навистина состојбите се такви, а немам причина да не верувам, тоа го спомена и министерот како податок тоа го кажува и МАПАЗ, тогаш јас очекувам министерот да се повлече од овој член од законот, бидејќи тој е еден од спорните според нас. И единствено од инает, недозволување да се прифати некоја корекција, или некоја сугестија од опозицијата само заради тоа тврдоглаво се стои на ова решение кое што никој не вели дека ќе доведе до позитивни последици.

Вториот коментар кој што го имам, беше споменато дека на овој начин се прилагодува нашето законодавство со Законодавството со Европската унија. И во таа смисла сите пратенички групи би требало да го поддржат. Мене ме интересира зошто овде некако брзаме, а на други места, како што беше претходниот закон за надзор на државна граница заостануваме зад плановите кои самите сме си ги пишале. Што е побитно за нас во моментов? Да обезбедиме безвизен режим и датум за преговори, или е побитно во поглавјето 4 во моментов да имаме поголемо приближување кон законодавството. Џабе ни е приближување кон законодавството, ако утре немаме преговори. Дури и Европската комисија тоа ни го кажала во својот извештај, па

вели вака: одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во вој дел ќе треба да се почитуваат во втората фаза на нејзина примена. Рокот за втора фаза на примена на сите одредби од Спогодбата вклучително и оваа, либерализација на капиталот е 2012. Сега Европска комисија ни вели до 2012 завршете го, ние брзаме тоа да го завршиме во втори месец 2009 година. А да обезбедиме безвизен режим за македонските граѓани, тоа го одлагаме за крајот на 2009 година.

И третиот коментар, велите: државата ги гарантира овие пари. Ако нешто недај боже се случи, од каде државата ќе ги најде тие пари. Нема да ги создаде од ништо. Ќе ги земе повторно од нас даночните обврзници за да ги даде во покривање на дупки кои не смееле да се случат. Да не заборавиме, од вакви проблеми банкротираше Исланд. Да не дозволиме тоа да се случува во Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика г-динот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Ќе бидам сосема краток. Мислам дека не држи тезата дека ако во некои други области, или закони, по кажувањето на колешката Шекеринска доцниме, или не се прилагодуваме со доволна брзина кон Европската регулатива, или некои други препораки, или со недоволна брзина ги следиме, според неа, тоа не не ослободува од обврската во овој закон тоа да не го направиме. Сега зборувам за овој закон и оваа одредба и најголем дел од одредбите се прилагодување кон Европската регулатив. И не гледам причина зошто тоа да не го направиме овде и зошто со такво образложение, демек во некои други области не сме брзале толку, во оваа сме брзале.

**Трајко Вељаноски:** Има збор г-ѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе.

Ако ги следите случувањата на економската сцена и во Македонија и во светот, тогаш мислам дека сите ќе се согласиме дека 2009 година за сите држави во светот претставува голем предизвик, кога станува збор на економски план. И ако имаме во предвид дека и највисоко развиените држави се загрижени за тоа како светската економска криза ќе се одрази во нивните држави во 2009 година, тогаш изненадува како Република Македонија која што е далеку, далеку зад тие држави, се однесува ноншалантно кога станува збор за какви ефекти ќе има светската економска криза на македонската економија и како Владата би можела да помогне за да се ублажи таквиот удар на македонската економија онолку колку што ја има.

Јас морам да кажам дека сум прилично скептична за добрите намери при предлагањето на овој закон, заради тоа што во изминативе две ипол години откако ВМРО ДПМНЕ е на власт сме виделе многу вакви “добронамерни” закони за кои што подоцна се покажало дека позадината е нешто сосема друго. И самиот факт дека во постоечкиот закон досега непроменет се вели дека чувар на имотот на задолжителните пензиски фондови во период од 5 години сметано од датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување ќе биде Народната банка на Република Македонија, И самиот факт дека вие многу пред тие 5 години предлагате измена на оваа одредба, односно бришење на оваа одредба укажува на тоа дека побудите се нешто сосема друго, а не интересот на граѓаните на Република Македонија. Имено, 5 години сигурно не било случајно оставен период во нашиот закон. Периодот ваквите решенија да се применуваат од 2012 година што го кажа г-ѓата Шекеринска, даден од Европската комисија е исто така, не случајно одбран период, заради тоа што очигледно е дека Европската комисија повеќе се грижи за интересот на граѓаните на Република Македонија отколку Владата на Република Македонија. И дека не случајно е одбран тој период заради тоа што е потребно време за да се види како одредени текови ќе влијаат на ситуацијата во Република Македонија. Уште повеќе имајќи го во предвид новиот аргумент за тоа дека никој, потенцирам, никој во светот се уште не знае какви ќе бидат последиците од светската економска криза, а уште помалку Република Македонија. Значи, главното прашање, ако имаме 5 години можност за чување на имотот од страна на Народна банка на Република Македонија, зошто токму во овој момент, според мене најнеповолниот момент за Република Македонија, ние се откажуваме од ваквата заштита и даваме можност на деловните банки да го чуваат имотот и уште повеќе да се пласира имотот во странство во ситуација кога пак ќе повторам, ниту една држава во светот не знае какви ќе бидат последиците од Светската економска криза. Значи, во таква ситуација и кога многу посигурни банки во светот ја почуствуваа светската економска криза и банкротираа, ние наеднаш со ваквото законско решение препорачуваме вложувањата во странските банки да бидат зголемени, меѓутоа, притоа не им ја гарантираме сигурноста за тие средства на граѓаните на Република Македонија заради тоа што тоа никој не може да го направи во овој момент во светот.

Во Агенцијата за супервизија на капиталното финансиско пензиско осигурување се укажува дека економската криза ја намалила добивката на идните пензионери во двата приватни пензиски фонда, а дека во задолжителните фондови на крајот од 2008 година опаднала за 10% во споредба со претходната. Ваквиот податок секого би го загрижил, заради тоа што во овој момент ние воопшто не знаеме колку ќе трае светската економска криза. Сите се надеваат дека ќе трае малку, меѓутоа никој не може да каже точно колку ќе трае и какви се импликации ќе има.

Во медиумите беше објавено дека при почетокот на лиценцирањето за третиот пензиски столб Бугарите се откажале од него, се разбира заради лошото поклопување на стартот со финансиската криза. Имавме најави дека во Република Македонија нема да знаеме што ќе правиме со директни странски инвестиции особено на Бунарџик од г-динот Веле Самак, за после самиот да се демантира и да каже дека странските инвеститори од Бунарџик се повлечени заради светската економска криза. Вчера слушнавме дека инвестициите од Словенија нема да се откажат, меѓутоа ќе се забават, значи ќе бидат пролонгирани заради светската економска криза. Значи, секој ги пролонгира вложувањата во странство заради светската економска криза, а ние со ваквите решенија велиме, ги поттикнуваме граѓаните и ја зголемуваме можноста за инвестирање во странските банки кои што во вакви услови воопшто не можат да бидат сигурни. Јас се прашувам од кои причини се прави тоа?

Ако сакате да ме убедите со аргументот дека врвен екперт од областа на пазарот на капитал и пензиско осигурување, силно препорачал дека треба да се инвестира во странство и дека треба да бидат зголемени инвестициите заради тоа во земјите на Европската унија инвестициите во странство, во овој сегмент изнесуваат 100%, јас нема да ви верувам зардао тоашто ние силни препораки од меѓународни претставнци за Министерството работи сме слушнале и тоа за многиу поважни работи за Република Македонија, а Владата не ги послушала. Имавме силни препораки да не се прави ништо пред поканата за членство во НАТО, меѓутоа Владата сметаше дека не треба да ја слуша силната препорака и дека треба да го преименува аеродромот во Александар Македонски, што значително ја загрози нашата позиција пред Самитот во Букурешт. Имаме силни препораки за тоа како да го подобриме политичкиот дијалог и функционирањето на Собранието, меѓутоа парламентарното мнозинство и Владата се глушува на тоа. Имаме силни препораки како да ги оствариме националните приоритети на Република Македонија да почнеме со преговори со Европската унија и да станеме членка на НАТО, меѓутоа Владата смета дека други работи треба да имаат поголем проиротет. Имаме силни препораките дека Владата не треба да троши така како што троши од буџетот и средствата од граѓаните да го дава за рекламни кампањи, туку да ги инвеситира во стопанството заради тоа што има огромни штети заради ваквите сеуште благи последици од светската економски криза во Република Македонија, меѓутоа Владата смета дека со парите на граѓаните наместо да инвестира во стопанството, треба да инвестира во својот рејтинг. Од сите овие причини јас сметам дека позадината е сосема поинаква, дека не е интересто на граѓаните, уште повеќе заради тоа што во еден член велите дека дури по 65-та година од животот може да се купи пензиски ануитет,со што мислам дека се прави неправда и некој нов начин на класификација на критериумите за користење на пензиите.

Имајќи го предвид и тоа дека со воведувањето на системот на бруто плата се предизвикаа огромни проблеми што очекувам дека во наредните неколу неколку месеци тешко дека ќе се стабилизираат, туку напротив ќе предизвикаат проблеми не во смисла на функционирање на системот туку во смисла на тоа како ќе се одрази на финансиската состојба кај граѓаните, мислам дека ова решение само дополнително ќе ја влоши и онака лошата финансиска состојба на секој граѓанин на Република Македонија. меѓутоа очигледно Владата штити нечиии други интереси наместо интересите на граѓаните. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има реплика министерот за труд и социјална политика.

**Џелал Бајрами**: Како што кажа почитуваната колешка всушност имаше две суштински забелешки кои се однесуваат на измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Првата забелешка беше дека системското решение налага решнието систем чувар на имот да ја има НБМ како преодно решение со тоа што во рок од 5 години од донесување односно од имплеметирање на законот таа да премине кај деловните банки.

Чисто за потсетување, да кажам дека Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување бил донесен во 2002 година. Негова имплементација е од почеткот на 2006 година, што значи ние кон овие измени приоѓаме во 4-та година, а законски максимално дозволено ни е до 5-та година, значи цела 2006, 2007, 2008, а сега сме 2009 година. Значи во 4-та година ние го применуваме законот така како што е регулирано, улогата чувар на имот да преминува од Народната банка да преминува во деловните банки. Тоа беше суштинска забелшка на законот.

Вториот дел сосема на крај спомна нешто во сферата што го регулира купувањето на аниутет. Напротив, ние им помагаме на граѓаните кои немаат 15 работен стаж, им овозможуваме до нивната 65 годишна возраст да можат некаде дополнително да се вработат за да стекнат услови за пензионирање. Значи тоа оди во прилог на граѓаните. Тоа го разјаснивме и на Комисија. Не знам сега од каде пак тезата дека туку вршиме некоја дискриминација спрема одредена категорија на лица. Тоа беа забелешките.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине заменник министер,

Јас ве прашувам ако имаме можност законот да се применува уште една година и чувар на имотот да биде НБМ уште една година, зошто ние го правиме токму во овој момент кога сеуште не знаеме какви ќе бидат последиците од

економската криза. Друга ќе биде нашата ситуација после една година кога од прилика ќе биде јасно на која страна ќе се движат економските текови. Тоа што ние го бараме од вас е да го одложите и да почне да се применува на крајот на петтата година кога повторно ќе биде во законската рамка која е пропишана, меѓутоа позицијата на Република Македонија ќе биде многу појасна на економски план отколку сега. И затоа не можете да ме убедите дека станува збор за добра намера, туку напротив ни се поставува прашањето: чии интереси со ова сака да заштити Владата на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам.

Очигледно е дека се работи за доста важен закон, како што кажа и минисерот на кој се однесува, а би се оденесувал на околу 200 илјади граѓани на Република Македонија и нормално е дека треба да подебатираме затоа што навистина измените што се нидат во ова време се сериозни.

Прво, сакам да кажам за што зборуваме. Зборуваме за 3 важни измени во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Првата измена е дека средствата што оваа група на граѓани од 200 илјади што до сега ги оделуваа на сметка на фондот, чувар на овие средства наместо досегашната НБМ, ќе бидат деловните банки.

Втората измена е, средствата од овие фондови се зголемува лимитот од 20 на 30%, значи уште 10% плус за да може да се инвестираат по други основи од иовие средства.

Третата измена е зголемувањата на овластувањата на Агенцијата.

Веднаш сакам да кажам дека ако се вратиме наназад ќе видиме дека како СДСМ сме биле секогаш за реформи во пензискиот систем и секогаш сме ги подржувале измените на законите од оваа област. И сега сметаме и тврдиме дека сите овие измени се многу добри и ќе ги подржиме, но овие измени да дојдат нешто подоцна. Овие измени, да се согласиме заедно да дојдат некаде кон крајот на 2009 година кога според анализата или според прогнозите на сите економски експерти, од прилика ќе знаат и земјите каков удар ги снашло од светската економска криза. Сега како СДСМ не можеме да се согласиме со двете измени. Третата секако ја подржуваме , но бидејќи законот е целина, не можеме да го поделиме, во дел ќе се согласиме, во дел не се согласуваме.

Господине министер се обидувате дека рокот бил пред истек и сме се наоѓале во 4-та година каде што според преодбнот решение, каде што е дадена можност со членот 139 од постоечниот закон , чувар на задолжителните пензиски фондови после истекот на 5-та година, наместо Народна банка да бидат деловните банки. Ние тогаш сме предвиделе, така и сме го прифатиле ова решение затоа што сме сметале дека во тој преиод кога сме го донесувале законот, а секако сме го усогласувале со европска регулатива и стандарди што владеат и важат во тој систем, дека банките во Република Македонија не со доволно подготвени во тој период да ги преземат обрвските, да бидат чувари на овие средства од задолжителните пензиски фондови.

Господине министер, според ставот 2 од членот 139-а се вели - Агенцијата ќе изврши оценка дали банките во Република Македонија се подготвени за вршење улога чувар на имотот задолжителни пензиски фондови ќе ја известат Владата на Република Македонија и НБМ и по истекот на петте години ќе се оцени дали и понатаму НБМ ќе биде чувар на овие фондови или ќе преминеме ова надлежност на деловните банки.

Почитуван министер, јас го ценам вашиот напор да си ја средите состојбата во областа каде што сте министер, меѓутоа мора да водите сметка дека во овој момент кога светот го тресе светска криза, кога се повеќе и деловните банки и онаму каде што биле јаки во секој период, значи и тогаш кога ние сме го донесувале законот, и тие банки сега стравуваат од ударот на светската финансиска криза, кога тие банки веќе се помалку пласираат кредити, кога тие банки се повеќе се чувствуваат несигурни, дали е сега е моментот кога ние треба да правиме вакви измени и дополнување на законот. Ние и понатаму сметаме дека НБМ во оваа деловна 2009 година кога сеуште Република Македонија не знае како ќе се одрази светската финансиска криза, а граѓаните се повеќе ја чувствуваат на грбот, сметаме дека НБМ ќе биде подобар чувар и овие 200 илјади граѓани ќе бидат побезбедни односно нивните фондови или нивните одделени пари за пензии ќе бидат посигурни. Затоа ви велиме, решението е добро, и ние го подржуваме но дајте тоа да има оддложна примена затоа што никој не не присилува да го донесеме ова кога сеуште прво законскиот рок не сме го пробиле, кога и ако го пробиме законскиот рок, доколку се испостави дека и по истекот на тие 5 години што ни е рок тука даден се утврди дека не е време да бидат чувари деловните банки, НБМ може да останер и понатаму чувар, зошто го правиме сега во ваква констелација на односи ова решение. Повторно кажувам како СДСМ, како пратеничка група подржуваме вакви реформи, но сметаме дека сега не е време и сметаме дека оваа измена ќе воведе уште една дополнителна несигирност на овие 200 илјади граѓани што министерот ги кажа, што ќе се најдат под ударот или се осигурани или оделуваат средства според овој закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Дајте да се разбереме. Јас не знам што ќе добие државата со ова, освен што ќе го усогласиме решемието. Дајте да не брзаме, да не донесуваме вакви избрзани решенија како што се фискализацијата, патриотските фискални сметки итн., па после да се повлекуваме кога ќе ни се случи народот.

Во една колумна вицерпремерот Ставрески кажа, од Нова година наваму ние секогаш кога ќе донесуваме закони како Влада ќе ги консултираме заинтересираните целни групи на кои се однесува законот. Сега ве прашам господине министер или да го прашам господинот Ставрески, дали ги исконсултира овие 200 илјади граѓани кои се наоѓаат под удар на овој закон, дека сега е време да се прави ваквата промена и зошто се брза со ваквата промена. Повторно сакам да кажам сме за ваква промена но дајте да помине првиот удар од кризата.

За второто решение каде се предвидува сега место 20%, 30% средства да бидат финансирани во земји од одредена група, таму утврдена е која е.

Сега јас не знаев, но вие ми дадовте еден аргумент повеќе. Кажавте дека и покрај 20% дозволени проценти на вложување, до сега Република Македонија само со 2% искористила за таков начин на инвестирање. Ако и до сега и 20% не сме ги икористиле или инвестирале, кој е аргументот сега со кој ја нудите оваа измена и прелдагате наместо 20% сега да бидат инвестирани 30%. Тука дополнителен знак прашалник е дали навистина сега во ваков период треба вакво инвестирање, ако се има предвид дека навистина ќе бидат гарантирани. Но светската економска криза прави чуда. Гледате кои компании се наоѓаат на удар кои компании испуштат огромен број на работници. Значи тие иако имаат разни програми со кои би се справиле со ваквата криза, се прашувам дали во моментот кога ние ќе го правиме ваквото инвестирање, ако таа институција ги исполнува сите услови, па од светката се променат услови и тогаш настане катастрофа во Република Македонија. значи многу прашања, многу дилеми, многу несигурност кај граѓаните на Република Македонија.

Прво сакам да ми одговорите што ќе постигнеме во овој момент, што ќе биде бенефитот за Република Македонија и што ќе биде бенефитот за овие 200 илјади работници кои оделуваат во овој зафат дека навистина Република Македонија мора сега во овој момент да ги направи овие измени.

Во спротивно ќе сум убедена се повеќе и повеќе дека ова се прави во невреме, потребна е ваква измена но се прави во невреме, во време кога Република Македонија можеби треба да презема други чекори, да презема други мерки, за да им ја олеснува положбата на оние работници кои што и до сега плаќале за пензиско, а кои што денеска од утре, нема да можат да плаќаат, затоа што се повеќе останиваат на улица, затоа што се повеќе се прогласуваат како технолошки вишоци или вишок работници кои што се како продукт на светската финансиска криза.

Значи, уште еднаш да завршам господине министер, сакам да ми објасните, зошто се прават овие измени токму сега и кој ќе е бенефитот и на државата и на овие 200 илјади работници со ваквите измени сега што ги нудите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е приајвен министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам.

По не знам кој пат веќе се повторуваме. Што и да кажуваме понатаму, мислам дека повторно на истото ќе се сведеме.

Значи, улогата, односно функцијата на Народна банка на Република Македонија не е функција чувар на имот на пензиските фондови. Со ова, ние ја оптоваруваме Народната банка на Република Македонија и преминуваме системско решение со кое улогата чувар на пензиските фондови преминува во деловните банки. Значи, ова на крајот на краиштата е по препорака и на самиот гувернер на Народната банка на Република Македонија кој што самиот со писмо ни се обрати дека се исполнети условите, улогата чувар на имот да помине кај деловните банки.

Втората суштинска забелешка, исто и кај почитуваната пратеничка беше тоа дека што постигнуваме со тоа што го зголемуваме лимитот на можноста на инвестирање од пензиските фондови. Кажав и на почетокот дека во земјите од Европската унија, законската можност за инвестирање од пензиските фондови е до 100%. Ние не можеме одеднаш од 20% да поминеме на 100%, туку одиме постепено на 30%, на 50%, на 70%, па до 100%. Еден ден ќе мораме да ја достигнеме и ние таа законска можност да овозможиме инвестициите да достигнуваат до 100% од пензиските фондови. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има реплика госпоѓа Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Не бев пријавена.

**Светлана Јакимовска:** Се извинувам госпоѓо Ташева.

За контра реплика се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке, господине министре не ми одговоривте многу. Кажавте дека сме ја оптоварувале Народна банка да биде чувар на депозитите. Така сме решиле. Такво ни е постоечкото решение. И таму велиме пет години да биде чувар на депозитите. И после тие пет години ако се оцени може да поминат на деловните банки дека е ситуацијата во ред. Ако не, тогаш значи останува повторно Народна банка. Значи сме ја оптовариле уште тогаш кога сем го донеле тоа решение и рокот не ни е истечен, а се наоѓаме во ситуација каква што ја кажавме. И за лимитот за инвестирање. Нема потреба затоа што при 20%, до сега сме инвестирале само со 2%. Значи, ние не сме го искористиле 20% и повторно го зголемуваме во време кога се тресе светот од криза.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателке.

Јас бев пријавена за реплика, но почитуваниот министер ги кажа тезите што јас истото сакав да го потенцирам во однос на дискусијата на госпоѓа Цветановска, односно еве повторно би ги искажала истите видувања. За мене е најважно дека во консултација со Народна банка е донесено вакво системско решение за деловните банки, бидејки нивните капацитети се зајакнати и се добри, а оценката ја дала Народна банка дека тоа е една од причините зошто сега поминува од Народна банка како чувар на имотот на пензиските фондови во деловните банки и мислам дека стручното мислење и видување и оценката на Народна банка дека треба да се испочитува и тоа е причината зошто сега се носи, без разлика што има законски рок до пет години.

Втората работа давање на можност за отворање на нови пазари е основната втора причина. Ако веќе расте капиталот и средствата во пензиските фондови, зошто со Законот за инвестициски фондови дадовме можност и тоа сега во моментот системски се решава на овој начин што овој капитал во пензиските фондови им се дава можност за излез на други пазари. Тоа е основната работа што во овој закон се гледа. А контролата како тие ќе се инвестираат и како ќе тече работата во овие пензиски фондови е преку Агенцијата, ако внимателно тоа сте го прочитале. Значи, контролната фукција во овој Предлог закон е особено истакната и се потенцира, се знае како таа ќе се води. Така да, шпекулацијата и сеењето страв дека некој нешто ќе направи со овие средства е шпекулирање и сеење страв меѓу народот, што не е во ред во моменти кога сме пред политичка кампања за локални избори, да го злоупотребувате тоа е навистина некоректно.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За конра реплика се јави госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Колешке Ташева ние ви укажувавме и за патриотските фискални сметки и за бруто платата и за фискализацијата. Вие не опоменувавте внимателно да читаме. Ама ние навистина внимателно читаме. Ви паѓаат проектите како круши. Затоа уште еднаш велиме вие внимателно размислете за што гласате и дали, ако и ова нешто направи некаква штета на граѓаните, ќе понесете политичка одговорност веќе еднаш. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Со оглед дека до редовната пауза остануваат уште пет минути, овде објавувам пауза, ја прекинувам седницата. Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,55 часот)

(по паузата седницата продолжи во 15,07 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, барем оние што се присутни во салата, почитуван министер,

Се јавив за збор во однос на Законот за измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансиско пензиско осигурување од неколку причини.

Првата причина е, кога имаше дебата на Комисијата за финансирање и буџет во однос на концептот на бруто плата, тогаш го запрашавме заменикот директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, немаше друг претставник, со едно прашање: колку намалувањето на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување ќе се одрази на намалувањето на пензиите кои идните корисници ќе треба да ги користат преку вториот пензиски столб. Во однос на првиот, кога ви пресметуваат пензија таму е битна платата која сте ја земале во текот на стажот, меѓутоа, за вториот задолжителен пензиски фонд битно е колку пари сте одвојувале како сума на вашата сметка. Знаевме односно прочитавме дека над 200 илјади граѓани или 190 илјади граѓани дека се во овој втор задолжителен фонд, после 2003 година сите оние што се вработиле задолжително дел од својот придонес за пензиско и инвалидско осигурување одвојуваат во вториот столб, додека оние што пред 2003 година имаа шанса да одберат дали ќе сакаат или нема да сакаат, но тогаш беше кажано дека сите кои имаат околу 35 години стаж за да остварат право на пензија тогаш, добро е да бидат во овој втор пензиски фонд.

Сега, господине министер едно директно прашање: Дали имате калкулација, пресметка за колку ќе се намали ануитетот во вториот пензиски фонд што ќе го зема некое лице кое ќе оствари право на пензија по навршување на 65-та година на живот, бидејќи со концептот на бруто плата се намалуваат стапките. Оваа година се намали за 2%, наредната година е планирано да се намали повторно за 2% односно за околу 6% ќе се намали за три години придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Дали како Влада размислувате ова на некој начин да им се надомести на учесниците во овој фонд, во вториот пензиски столб. Мислам дека е битно затоа што можеби сега тоа прашање е не е толку значајно, бидејќи прашањето е долгорочно, но кога правите една реформа, во таа реформа треба да ги согледате сите аспекти.

Затоа, ве запрашувам за колку би се намалила пензијата на едно лице кое по 30 години, почнувајќи од воведувањето на концептот на бруто плата, ќе оствари право на пензија. Тоа е многу битно прашање за многу граѓани, бидејќи средствата кои што ги одвојуваат очигледно дека не се мали, веќе достигнуваат над 90 милиони евра капитал со кои располагаат овие втори столбови на пензиското осигурување и мислам дека е значајно.

Второ прашање кое што сакам да ви го поставам е дали како Министерство за труд и социјална политика или како Влада размислувате правото да ги користи корисникот ануитетите од вториот пензиски фонд да го оствари со самото заминување во пензија. Дали имате некоја проекција кога Фондот ќе биде подготвен тоа да го направи. Сега во Законот стои дека тоа право ќе се оствари кога ќе наполни некој 65 години живот, меѓутоа, знаеме дека луѓето заминуваат во пензија и пред 64 години, заминуваат во инвалидска пензија, заминуваат и порано од тие години. Сега користат пензија од Фондот, кој што е во државна сопственост, а оние пари што се во вториот задолжителен фонд не може да ги к ористат, ќе чекаат 65 години старост за да можат да ги користат. Мислам дека тој концепт не е добар и веројатно кога се поставувал концептот биле првични услови, се согледувало како ќе функционира, колку пари ќе се соберат, колку корисници, меѓутоа, мора како Влада или како Министерство да размислите, со самото остварување на правото на пензија на било кој корисник да може да си ги користи средствата во двата столба, без разлика колку се. Сега овде во Законот имате член, ако е износот под 40% од најниската пензија му се исплатуваат веднаш, а ако е над 40% се исплатуваат ануитети, но повторно е условот да има 65 години старост. Не е фер и не е добро, можеби некој не дај боже и нема да дочека да ги искористи тие средства, а ги одвојувал, тогаш можеби неговиот правен наследник на пензијата ќе може да ги искористи. Меѓутоа, можеби некој нема корисник и тие средства едноставно некој што ги одвојувал ќе му пропаднат или ќе одат за некои солидарни цели. Добро е да се размисли, со остварувањето на правото на пензија корисниците да можат да ги користат средствата од двата столба, без разлика колку се и колку изнесува ануитетот, затоа што тоа се пари кои човекот ги заработил, меѓутоа, државата решила да ги одвои за пензиско и инвалидско осигурување, за да може оние што претходно работеле да земаат пензија. Тоа исто така е многу важно и битно прашање, сега не знам дали вие како Министерство сте подготвени со една таква проекција да излезете, но добро е во најскоро време да кажете по две-три години, зависно од динамиката на приливот на пари во овој фонд, дали ќе се создадат такви услови, а треба да најдете начин да се создадат, да можат луѓето да ги земаат парите и од вториот пензиски фонд со остварување на правото на пензија, а да не чекаат 65 години.

Трета работа, јас ја разбирам потребата да се прошири портфолиото или можноста парите од вториот пензиски фонд да се инвестираат во разни инструменти. Меѓутоа, не ја разбирам причината на Владата со ваков концепт да излезе во услови на економска криза. Буквално цел свет го зафаќа финансиска криза, економска криза и според проценките ќе трае малку подолго дури од очекувањата, кои за жал ги даваат економските експерти. Тоа повелкува намалување на вредноста на акциите, повлекува намалување на вредноста на обврзниците кои ги издаваат одредени институции, а знаеме дека парите кои ги прибираат во вториот задолжителен пензиски столб треба а се инвестираат. Прво, на комерцијална банка пензискиот столб гледаме денес во весник пишува дека остварил добивка од над 2%, другиот остварил помалку добивка на средствата, но заштитните механизми кои ги давате во законот се донекаде добри, меѓутоа, берзата, вложувањето на средства, тоа е една ризична работа. Мислам дека требаше ако веќе ова го дозволувате законот да почне да важи од кога ќе се подобрат економските услови во светот. Или сега да имате еден стручен тим во Министерството за труд и социјална политика кој што ќе процени дека ќе оди најава за подобрување на економската состојба и тогаш да го предложите законот, да можат вторите столбови, парите да ги дадат во акции и потоа кога ќе дојде порастот да остварат профит.

Затоа, сметам дека тајминг времето во кое го предлагате овој закон не соодветствува на условите. Имаме финансиска светска економска криза и ризикот за овие пари да се вложат во инструменти кои може, но не дај Боже, да крахираат е поголем отоколку во некои други услови. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на СДСМ не е против реформи на системот на пензиско осигурување. За тоа говоревме на Комисијата за труд и социјална политика, и тоа од една едноставна проста јасна причина: Ние ги започнавме реформите на системот за пензиско осигурување. Тоа е фактот за кој мошне компетентно ќе говориме и за исходот и историјатот на оваа реформа. Против сме и нема да поддржиме ваков предлог кој доаѓа од страна на Владата на Република Македонија, затоа што сметаме дека ова е несериозно, неодговорно решение кое наспроти наводите во работниот документ што го добивме и каде што како една од целите и начелата заради кои ни го нудите ова законско решение сте навеле поголемо инвестирање на средства врз основа на сигурност, а тоа не е, диверзификација на ризик, а е сосема спротивно, и ликвидност и затоа нема да ја добиете нашата поддршка. Не сериозно, не одговорно е да ни понудите решение, одлив на средства надвор од македонската економија, а тоа да го припишувате како една од фазите во реформата на системот за пензиско осигурување. За тоа говореа и колегите пред мене. Дозволете, иако со ризик да се повторуваме, се надевам дека колегите од владеачкото мнозинство ќе знаат за што ќе гласаат, ќе гласаат за ризик на средствата од македонските пензиски фондови, кои Владата упорно се труди и го зголемува процентот за можност за инвестирање во надворешни финансиски институции, кои ги тресе глобална

финансиска криза. Да потсетам, никој не веруваше кога во САД се случи драстичен пад на светската економија, предизвикан од хипотекарна криза, од криза во финансискиот систем. Сега ние да нудиме можност со закон на минување тие средства кои секој ги одвојува заради сигурност во деновите кога ќе ги користат во своите пензионерски денови, да се случи недај боже тие фондови да се празни  и тоа е неодговорно.

Затоа, дозволете повторно да кажеме не е време и не е тајминг. Аргумент плус за тоа е заради тоа што оваа реформа доколку се одлучите да го повлечете ваквиот предлог закон, нема да го пробиеме рокот. Рокот е до крајот на 2010 година и не гледам причина или логика да избрзуваме со оваа можност и да го зголемиме ризикот. Ќе кажам зошто, за тоа говореа и колегите, на страна од можниот ризик за инвестирање на средствата, во странски финансиски институции кои самите не се сигурни до каде им е проодноста и издржливоста и кои од стручните и компетентните експерти не можат да одговорат каков ќе биде исходот и кога ќе заврши оваа светска економска криза, да си дозволиме македонското стопанство да го осиромашиме за еден значителен износ. Не знам дали читате, дали се информирате доволно кога стручни ќе говорат. Еве, во еден од печатените медиуми, има интервју со госпоѓа Стевкова Штеријева, финансиски директор во Комерцијална банка. Таа прави навистина добар осврт на она што се случува во банкарскиот сектор во Република Македонија. Основно ќе биде да се изнајде начин и решение како банките да се приспособат на глобалната криза, која иако не го зафати нашиот банкарски сектор, преку последиците што ги трпи производството ова пресија се прелева индиректно и врз банките. Драстично се намалени девизните приливи во овој момент, а со тоа и банките во Република Македонија иако немаат директни последици од финансиската криза, индиректно ја чувствуваат, намален е платниот промет и во земјата и во странство, намалени се девизните приливи и со тоа на девизниот пазар нема ни квалитетна понуда на девизи од компаните. Владата за тоа нема одговор. Дури и кога одговорот сам по себе се наметнува, за што говори и директорот на МАПАС во свое инервју и тоа е од вчера, дека средствата од приватните пpензиски фондови до сега се заштитени и не претрпеа пад на својата вредност само заради тоа што беа реинвестирани во македонските банки, кои сеуште одолеваат заради својата финансиска изолираност, одолеваат на притисоците на кризата. Ама ние можеме да говориме за тоа што е денес, а не можеме да говориме што ќе биде утре.

Госпоѓа Стефкова Штеријева вели вака: не очекува година на силни предизвици заради тоа што кредитирањето ќе биде лимитирано со минимални стапки на раст. Таа сама признава дека стапката на раст на бруто домашниот производ, иако е проектирана на 5%, ама очигледно важи само за господинот Славески и за вицепремиерот Ставрески, иако сите ја посакуваме ќе биде многу тешко да се оствари. Таа смета дека она што се случуваше во светот, тотално фијаско на некои странски банки нема да се случи во Македонија бидејќи структурата на работењето на македонските банки сеуште цврсто е под контрола на Народната банка. Ефектите од овие политики што ги спроведува како ригорозни мерки за заштита Народна банка веќе ги чувствуваат банките, каматите се зголемуваат, условите за одобрување на кредити се далеку пореспективни од порано, а тоа значи само едно. Компаниите, македонските компании ќе можат заради недостиг на средства за кредити да останат на пола проекти, тоа за жал не значи дека оваа Влада има план, сериозно сценарио како да ја заштитува и онака ниската вработеност во Република Македонија.

Не е сеедно господине министер тука да ни дојдете со едно вакво законско решение дека правите реформи. Не, правите ризик и тоа не само во една сфера, во повеќе сфери.

Затоа, дозволете да дебатираме околу аргументите, повлечете го законот, барем за до крајот на оваа година кога ќе имаме и многу посоодветни показатели вреди ли да се направи она што вам ви е главно и го посочувате, можност да се инвестираат средствата од фондовите за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување надвор од Република Македонија, надвор е кризата.

Затоа, дозволете она што го изнесуваме како аргукмент да го споделиме и со колегите пратеници. Не гледам дека има заинтересираност, ама барем треба секој од вас да ги знае можните последици на она што значи столб. Пензискиот столб е столб на социјалната сигурност на и онака веќе длабоко осиромашените македонски граѓани. До сега не ни понудивте ниту едно значајно решение кое како одговор на оваа криза значи заштита на вработеност, значи заштита на социјални категории, значи заштита на пензионери. Не, сега ни нудите ризик и очекувате без дебата на последната работна седница на Собранието пред локалните и претседателски избори да ви аминуваме закон кој ќе стапи во сила веднаш, ама последиците можеби ќе ги чувствуваме многу многу подолго и многу поголем број на идни генерации.

Затоа, дозволете уште еднаш ја имате можноста да го повлечете овој закон кога и онака од оваа Влада не видовме ниту план, ниту сценарио на она што значи сериозен одговор од сериозна Влада во една сериозна држава како да се справи од налетот на светската глобална финансиска и економска криза. Последен во овој свет таа криза забележа дека ја има министерот за финансии, чуварот на средствата на граѓаните, господинот Славески. Ама тоа не значи дека треба да биде и начин и манир на однесување и на сите министри во Владата. Барем вие господине министер за труд и социјална политика треба двојно да ја чувствувате одговорноста. И онака Република

Македонија не нуди општествен амбиент за да граѓаните се чувствуваат социјално обезбедени и социјално заштитени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. Реплика има госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Прво околу дилемите кои ги наметна почитуваната колешка.

Овие измени, овој закон е во функција на подобрување и детерминирање на нашиот од кон Европската унија, бидејќи ова значи отворање на пазарот на капитал, пазарот и пласманите на македонскиот капитал затоа што е еден од условите за да влеземе во Европската унија. Тука не треба да имаме дилеми, бидејќи постојано се кажува во економските критериуми дека ние имаме затворен пазар на капитал, затворени пласмани и тука треба да донесеме низа прописи кои ќе значат влез во Европската унија и влез на тој пазар на капитал.

Втора работа, па зарем вие колешке мислите дека нашите банки ќе влезат во несигурни ризици и пласмани надвор поготово во овие услови на кризи? Секако дека и инвестиционите фондови и другите фондови кои се во овој момент во Република Македонија имаат првенствена задача за да се осигураат за својот капитал, за пласманите.

Трета работа, дали мислите дека само Република Македонија е во оваа, да речеме условна финансиска криза за Република Македонија, бидејќи, како што следиме само во САД се издвоиа пакет енормно високи вложувања во финансискиот дел 700 милијарди долари се внесоа, само на кинескиот пазар се внесоа повеќе од 580 милијарди долари, да не кажам германската банка, француската банка со енормно високи пласмани за да ги заштитат своите банки за да создадат услови на сигурни пласмани и јас сум убедена дека сето ова како клима за подобри услови за пласмани секако дека и кај нас ќе биде третирано на соодветен начин. Значи, мислам дека стравовите кои што ги искажавте нема да бидат во таа мера застапени бидејќи ние сме дел од европскиот пазар, ние сме дел и од светскиот финансиски пазар и така треба да бидеме во иднина. Значи сметам дека и банките со своите проценки сигурно дека нема да влезат во ризични пласмани на своите средства, сигурно дека инвестиционите фондови повторно нема да влезат во такви дубиози и поготово денеска со овој Предлог мислам дека нема потреба од такви високи стравувања и ризици. Тоа е моето размислување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Ајде да читаме весници. Чешка издвои 1,5 милијарда евра против кризата. Сами кажавте на кој начин државите издвојуваат, значи буквално кон своите претпријатија и фирми ја спасуваат сопствената економија. Ама ние овде

говориме за можност, за излез на нашиот капитал надвор. И за тоа говориме дека не е време и дека може да се одложи. Нема тоа да значи ниту дека ќе запре реформата во системот на пензиско осигурување, само дозволете, вонредните услови налагаат и вонредно внесување конечно и вонредни мерки. Само за да се намали можниот ризик. И затоа говориме дека најпаметно е одлагање на овој закон. За некое подобро време и посигурни услови. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе.

Внимателно ја слушав госпоѓата Бендевска во нејзиното обраќање по повод измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување каде што битно се разликува моето размислување од нејзините ставови, а тоа е јасно во она што сега би го искажала дека со Предлог на измениве јас гледам само отварање на пазарот на капитал и системско решение околу префрлање на надлежноста за чувањето на капиталот од Народна банка во деловните банки.

Инаку што се однесува за шпекулацијата околу инвестициониот ризик и препорачувам на колешката во член 112-а од Предлог на законот за изменување и дополнување може убаво во сите три става да прочита и да се увери дека инвестиционо вложување не е вложување на пазар во смисол чаршиски пазар па кому сакам и како сакам, него има дадена стратегија и даден закон кој се почитува.

Првиот став вели дека е секое друштво кое управува со задолжителен или доброволен пензиски фонд треба да има документ за инвестициона стратегија и да врши негово ревидирање најамалку на секои три години.

Во вториот став се вели дека документот за инвестициона стратегија особено треба да содржи методи за мерење на инвестициониот ризик. Значи овде не се прави нешто напамет, туку се прави со стратегија која укажува кои мерки треба да се преземат на кој начин и како тоа треба да се направи, значи не е ова произволно чаршиски пазар па ќе даваме ваму или ќе изнесуваме таму. Само ова е сериозна работа каде што сериозно се работи за вакви инвестициони вложувања и со закон се регулирани.

А во третиот став Агенцијата поблиску ја уредува содржината на инвестиционата стратегија. Во целиов закон убаво пишува дека Агенцијата е таа која е контролниот механизам на овој вид на инвестиционо вложување. Значи ниту има некој во државава намера некого да го злоупотреби или осиромаши, а најмалку Владата на Република Македонија или парламентарното мнозинство кое е власт во Република Македонија, да прави нешто против своите граѓани. И престанете да

шпекулирате на најгруб начин и да изнесувате, пласирате лаги и да сеете страв меѓу населенито особено сега во предизборниот период да го злоупотребувате ова за свои политички промовирања. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Колешке Ташева, ајде да почнеме, бидејки чувствувам дека немате доволно информации дека надвор од Македонија беснее светска финансиска криза. А, дали знаете дека од 18 македонски банки 14 се со странски капитал? Дали сметате дека МАПАС, Агенцијата за супер визија ќе е доволно компетентна да предвидува кои од влогови се ризични или не, кога самите странски експерти не можат да го предвидат неповолното движење на светски огромни еминентни, солвентни. Ако говориме за ризик или не ќе ви прочитам изјава од Булен Дервиши директор на МАПАС. Добивката на задолжителните фондови за пензиско осигурување во 2008 година опадна за 10% во споредба со претходната. Тоа значи дека кризата ја стопила добивката, но таа сепак постои. Читајте колешке Ташева.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за труд и социјална политика.

Светската економска криза не ја одмина и нашата земја. Економските експерти постојано ја предупредуваат Владата на Република Македонија да не троши многу, да има поголемо штедење на парите од даночните обврзници, бидејќи не се знае колку ќе трае кризата.

Странски инвестиции нема,не знаеме до кога, а во реалниот сектор не само што нема отворање на нови работни места, туку секојдневно се отпуштаат работници.

Тоа значи дека секој граѓанин се плаши за своето работно место, но дали сега со овој предлог сакаме да го разбудиме стравот и кај пензионерите? Зошто велам вака?

До сега Народната банка на Република Македонија ја имаше улогата на чувар на имотот на задолжителните пензиски фондови. Сега со овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, функцијата чувар на пензиите се пренесува на деловните банки.

Исто така со оваа измена на Законот се овозможува поголемо пренасочување на средствата на задолжителните пензиски фондови при нивното инвестирање во странство. Но, што значи тоа?

Наместо пренасочување на ризик, како што се вели во образложениeто од Предлогот за измена и дополнување на Законот, СДСМ смета дека тоа е зголемување на ризик. Ние не сме против оваа реформа. СДСМ смета дека оваа реформа, оваа измена на Законот е избрзана, треба да ја одложиме за понатаму поради светската економска криза. Парите од пензиските фондови треба да се пренасочат кон нашите претпријатија за кредитирање, а не надвор во странство, бидејќи сумата за кредитирање драстично се намали во Република Македонија, а се зголемуваат каматите на постојните кредити.

Во Република Македонија со овој Предлог на закон се случува обратен тренд од другите земји. Таму се инвестира во стопанството, во домашната економија како помош со кредитирање. Зошто сега ние ова го правиме обратно, всушност инвестираме во странство во момент кога ниту една земја не прави така. Во САД многу граѓани ги изгубија своите пензии вложувајќи ги во доброволни фондови, а деловните банки инвестираат како на пример во Исланд и одеднаш изгубија се.

Според директорот на МАПАС, Агенцијата за супер визија на капиталното финансирано пензиско осигурување до сега најголемиот дел од средствата од приватните пензиски фондови во Република Македонија ги вложуваа во депозити во македонските банки и државни хартии од вредност. До сега влијанието на светската економска криза врз пензиските фондови е ублажено и не е драстично.

Зошто ни е сега ова што не успеало кризата да го уништи сакаме да го зголемиме ризикот од влијанието на глобалната криза.

СДСМ смета дека овие измени и дополнувања на Законот треба да се одложат за подобри времиња. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2.Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 50 пратеници од нив за гласаа 44 пратеници, воздржани нема, против 6 пратеници.

Во моментот на гласањето немаше 61 пратеник и не е полноважно гласањето.

Пред да преминеме на второ гласање ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата за да се стави Предлогот на гласање.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата нема доволно пратеници за да се премине на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Минуваат минути на чекање)

Во салата се присутни 61 пратеник и може полноважно да се гласа.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 54, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 7-Предлог на закон за дополнување на Законот за минерални суровини - прво читање**.

Предлогот на Законот и извештаите на Комисијата за економски прашања, како матично работно тело и на Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Методиј Хаџи-Васков:** Благодарам претседателе

Би сакал само накратко да ја образложам потребата од носењето на дополнувањето на Законот за минералните суровини. Во Законот за минерални суровини се утврдени начините, условите за вршење на деталните геолошки истражување и експлоатацијата на минералните суровини во Република Македонија. Со предложените дополнувања на овој закон се оди во насока на создавање на услови за завршување на веќе започнатите постапки за доделување на концесии за детални геолошки истражувања. Имено, оние економски субјекти кои што веќе имаат добиено концесии за детални геолошки истражувања односно имаат потпишано договори за концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини, бидејќи ја имаат завршено првата фаза од добивањето на концесија за експлоатација на минерални суровини, овие економски субјекти со предложените дополнувања на законот можат директно да одат во втората фаза во согласност со новиот Закон за минерални суровини. Ова се однесува на оние постапки кои што се почнати во согласност со законот за 2002 година да се усогласат со новиот закон донесен во јули 2008 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок.

1. Предлогот на Законот за дополнување на Законот за минерални суровини е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за економски прашања и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преjдеме на гласање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економски прашања, како матично работно тело и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор г-ѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за економија, јас сум предлагач на овој закон и би сакала да го образложам пред колегите пратеници и се надевам дека моите изнесени аргументи ќе ги убедат колегите пратеници да дадат поддршка овој закон да помине во првата фаза, да го помине првото читање во Собранието, а потоа тоа јас како предлагач сум подготвена сите забелешки што ќе стигнат од колегите пратеници без разлика од која пратеничка група доаѓаат, дали е тоа од парламентарното мнозинство или опозицијата да бидат прифатени дури и доколку Министерството има одредени забелешки и да го решиме заеднички овој проблем, затоа што според моите сознанија, а и од она што го слушнавме на комисиите, навистина во оваа насока се размислува и во Министерството, но образложението беше од

страна на заменикот министер дека не е време и дека се уште нема доволно анализи. Мислам дека не се работи за тоа и јас поради тоа ќе ви образложам зошто овде времето фактор нема некакво особено значење.

Почитувани колеги пратеници, на 9 јули 2008 година го изменивме Законот за трговија, со што се регулира продажбата на алкохол како во специјализирани, така и во останатите продавници и времето се ограничи до 19 часот.

На самиот почеток сакам да кажам дека овој закон даде одредени позитивни анализи според сите истражувања и апсолутно го подржуваме сите позитивни измени што ги има во самиот закон и навистина е намален бројот, особено кај малетните лица кои што употребуваа алкохол и затоа во тој правец немаме никакви дилеми и даваме подршка и остануваме на нашата подршка.

Меѓутоа, за што се работи почитувани колеги. Ако го погледнете членот 23 од постојниот Закон, регулира во својот став 4 продажба на алкохолни пијалоци, во посебен продажен објект. Значи тоа се специјализирани продавници за продажба на алкохол и подолу кога ќе го погледнеме членот 23-б ќе видиме дека министерот за економија поблиску ги пропишува минимално техничките за продажниот објект во кој што се врши продажба на алкохолни пијалоци од членот 23 ставовите 4 и 5.

Почитувани колеги, мојата интервенција е точно, се однесува за овие специјализирани продавници. Имено, јас барам во овие специјализирани продавници времето за продажба на алкохол се продолжи од 19.00 до 22.00 часот. Занчи исклучиво во специјализираните продавници. Зошто го барам ова? Секако за да се добие дозвола во една специјализирана продавница за алкохол, пред се да се добие лиценца за таква продавница ќе треба да се воспостават повисоки критериуми. Тоа значи дека не секој ќе може да отвори ваква продавница. Дотолку повеќе што членот 23 тоа и го налага како законско решение. Значи, министерот ќе биде тој што ќе ги пропише критериумите. Но мораме да признаеме дека во нашата земја има потреба од ваквки специјализирани продавници.

Имам сознанија дека одредени луѓе веќе си имаат отврено, иакако се тие многу малку, тие се две три во цела Македонија специјализирани продавници, меѓутоа што се случува. Тие можат...

(пратениците во салата меѓусебно разговараат)

Ве молам колеги, можеби ќе успеам да ве убедам да ми дадете подршка. Значи, тие не можат да работат после 19.00 часот.

Прво, тие се обесправени, сите други продавници можат да работат после 19.00 чаасот, а само тие треба да ги затворат своите продажно објекти. Мислам дека не е чесно кон овие луѓе што инвестирале и отворитле вакви продавници.

Второ, мора да признаеме дека во одредени ситуации се јавува потреба о после 19.00 часот, особено во летниот период граѓаните да купат алкохол. Дотолку повеќе што и пивото и виното влегуваат во категоријата на забранети алкохоли да се продаваат после 19.00часот. Имаме ситуации кога човек треба да отиде на гости и можеби изненада не разбрал, да купи шише алкохол, или обратно, му дошле гости и после 19.00 часот има потреба да набави алкохол.

Сакам да нагласам дека во овие продавници нема да биде дозволено малолетни лица да купуваат алкохол. Дури и критериумите ќе бидат повисоки отколку во осатниите продавници за продажба на алкохол, меѓутоа мора да признаеме дека секаде, апсолутно секаде во светот има вакви продавници. Со отсуството на овие продавници, како што реков има многу позитивни ефекти од Законот, но се јавува и еден негативен ефект.

Всушност многу често почна да се продава алкохол во објекти кои што апсолутно не се наменети за тоа. Алкохол после 19.00 часот или 20.00 часот може да се купи во ипровизирани визби, шупи и подруми, а да не зборувам каков е квалитетот на тој алкохол што се продава и на крај краишта и државата нема корист од таква продажба. Не само што граѓаните немаат корост, туку имаат штета , но и државата не може да го добие она што нејзе и следува во вид на даноци и останати оданочувања.

Почитувани колеги пратеници.

Значи законот се однесува само во насока да се продолжи работното време од 19.00 до 22.00 часот исклучиво во специјализираните продавници. Со тоа нема ни малку да се нарушат негативните ефекти од законот кој што го донесовме на 9 јули 2008 година. Напротив ќе се спречи онаа негативна појава предизвикана по доенсувањето на законот да се купува односно да се продава алкохол во објекти кои што не се наменети за тоа.

Токму поради ова и поради тоа што и Владата има одредени размислувања во оваа насока би барала подршка од вас, Законот во овој момент ќе го помине првото читање, а потоа доколку нешто има што сметате дека не е најдобро решение во Предлогот на законот, икао тој се состои од еден член, се разбира два, вториот се однесува на неговата примена и се вели дека во посебните продажни објекти за продажба на алкохолни пијалоци предвидени во став 4 на член 23 забраната за продажба би траела од 22.00 до до 06.00 часот. Тоа она што го барам со предложениот закон и мислам дека во оваа насока имам подршка не само од добар дел на граѓани кои што се засегнато поради она што пред малку го истакнав во одредени исклучителни ситуации да можат да купат шише, две алкохол, туку имам подршка и од трговците кои што исто така се засегнати од оваа одредба.

Има луѓе кои што веќе инвестирале во отворање на вакви специјализирани продавници и сега гледаат дека апсолутно со тоа што нивната продавница треба да ја затворат во 19.00 часот, а

сите останати да работат до 22.00 часот дека се обесправени и не се наоѓаат во иста ситуација.

Сметам, сосема на крај, доколку имате забелшки на ова до сега кажано можеме да разговараме може да биде подобрен Предлогот на законот, но мислам дека е неопходен дотолку повеќе што компаративните искуства кои што при подготвувањето на законот ги искористив говорат дека во сите земји на Европската унија, па и во нашато најблиско опкружување, каде што сепак има ограничување на проджбата на алкохол во вакви специјализирани продавници времето е дури и до 24.00 часот.

Јас сметам дека ова е прв чекор, да не одиме до 24.00 часот и затоа барам да биде до 22.00 часот.

Вака уште еднаше ќе им дадеме можност на оние граѓани кои што навистина имаат потреба да купат алкохол, а ќе им дадеме можност и на оние што отвориле вакви специјализирани продавници да си обезбедат егзистенција за своите семејства и можеби уште за еден или двајца вработени.

Мислам дека законот нема никакви финансиски имликации по буџетот, нема негативни ефекти, апсолутно не се работи за популизам или за било што друго, се работи за една неминовна потреба која што е уочено од страна на граѓаните кои што ми се обратија.

Токму поради тоа очекувам подршка почитувани колеги за законот да го помине првото читање, а потоа по изборите ќе можеме да дебатираме повторно по овој закон, да ги прифатам вашите сигестии за измени и да донесеме една измена и дополнување на законот кој даде позитивни ефекти во изминатиот период. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Ви благодарам претседателе.

Јас го ценам предлогот за изменување и дополнување на Законот за трговија предложен од колешката Роза Топузова Каревска, која што даде свои аргументи, ги почитувам тие аргументти но морам да кажам дека тука имаме една значајна разлика, можеби идеолошка, но јас сакам да кажам дека не се согалсувам со ова што е предложено.

Да бидам искрен, дури и во моментите кога се правеше првичната верзија на Законот за трговија со кој што се ограничи начинот на продажба на алкохол, јас бев за уште подрастични мерки, но имајќи ги предвид образложенијата кои што колешката ги кажуваШе и кои што секако држат, си имаат свое егзистенционално влијание донесовме таков закон каков што донесовме.

Она што би сакал сега да го потенцирам е дека тој Закон иако тогаш многу оспоруван , иако тогаш гледам со едни или други очи веќе ги дава своите резултати заради тоа што се помалку во градскиот парк во Скопје, кај споменикот на Светите Кирил и Методиј во Охрид и на други места гледам млади луѓе на 15 или 16 години кои што некаде околу 23.00 часот се пијани, под дејство на алкохол кој што го купиле во продавниците по цена од 50, 60 или 70 денари колку што отприлика е еден до два часа сурфање на Интернет во било кое Интернет кафе. За среќа тие слики ги немаме заради тоа што не можат да го купат до 19.00 часот, па да го чуваат дома, па да излезат заради тоа што во најмала рака тоа нема да им го дозволат родителите и уште повеќе тоа што воведовме да се плаќа котизација односно да се плаќаат годишни дозволи, си доведе до тоа цената на алкохолот малку да порасне и сметам дека доколку правиме измена на Законот треба да ја правиме во насока цената на алкохолот уште малку да порасне за да стане понедостапна за помладите категории и на тој начин помеѓу друггот да оневозможиме да злоупотребуваат алкохол во својот развој односно на почетокот на својот развој.

Секако предлогот е само за специјализирани продавници и ги исклучува малолетниците, но исто така сметам дека не треба ова да се дозволи заради тоа што во Република Македонија мислам дека треба да градиме здраво општество на кое што ниту алкохолот, ниту тутунот не му се потребни.

Значи, го ценам она што го предложила колешката, тоа е нејзин став, но јас со тоа не можам да се согласам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван колега.

Очигледно дека не се разбравме до крај. Напротив овој закон е и во таа насока за тие позитивни ефекти за кои вие говоревте, затоа што прочитајте го членот 25 кој вели “ министерот за економија ќе ги пропишува техничките услови”. Значи тука ќе има многу повисоки критериуми и ако до 18 години не може да се купи на друго место алкохол во овие специјализирани продавници уште помалку ќе може да се купи. Значи нема да може, ја сум прва што сакам да ги заштитам младите луѓе, јас сум од оние кои што се голем противник како на употребата на алкохол, исто така и на употребат на тутун. Пред се лично не ги сакам тие работи и сум противник, но на овие млади луѓе сега им се продава алкохол од кола или во некои шупи и подруми. Мислам дека поради тоа младите луЃе не влегуваат во оваа категорија. Ова е исклучително за оние примери кои што ви ги напоменав, на луѓе домаќини на кои што им дошле гости или луѓе кои што сакаат да отидат некаде.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е сицрпена листата на пријавени за збор констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Соборанието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот трговија не е прифатлив и не може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за економски прашања и Законодавно-правната комисија, на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеници.

За предложениот заклучок гласаа 52 пратеници, од гласањето се воздржаа двајца и против гласаа 7 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Тука ја прекинувам седницата, продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,23 часот)